This project is funded by the European Union

International Labour Organization

Implementing Agency

# СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА ЗА МАПИРАЊЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЦЕЛНИ ГРУПИ ЗА ПОЛЕСЕН ПРИСТАП НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

-ИСТРАЖУВАЊЕ-

Младински културен центар-Битола
Истражувач: Проф. д-р Моника Марковска

Битола Старт-ап Центар

2020 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД
1. Методологија на истражување
2. Социо- економски контекст и преглед на (не)вработеноста кај младите
3. Институционален контекст за вработување и претприемништво
4. Елаборација на проблемот на истражување
5. Анализа на податоци од спроведено интервју
    5.1. Аналитички интерпретации од интервју на млади невработени лица од 18-29 години
    5.2. Аналитички интерпретации од интервју на млади невработени Роми од 18-29 години
    5.3. Аналитички интерпретации од интервју на млади невработени лица без образование или обука (NEET)
    5.4. Аналитички интерпретации од интервју на жени
6. Заклучоци и препораки
Библиографија

**ВОВЕД**

Генерално, невработеноста претставува еден од клучните предизвици со кои се соочува Република Северна Македонија. Но, интересот за решавање на проблемот со невработеноста на одредени маргинализирани групи во последно време станува сé повеќе актуелен. Од друга страна, сé повеќе се актуелизира прашањето за претприемништвото како начин за поттикнување на можностите за вработување и/или за решавање на социјалната ексклузија.

Во последните години претприемништвото добива на значење како начин на поттикнување на можностите за вработување, зајакнување на економската конкурентност и промовирање на локалниот и регионалниот развој. Интересен е фактот што претприемништвото е усвоено како стратегиски пристап да се олесни економското учество кај младите. Вклучувањето во претприемништвото овозможува да се зголеми самодовербата, да се постигне економска независност и оттргнување од работ на сиромаштијата. Исто така, се создаваат можности за вработување кои водат кон економски раст и развој. И покрај, предностите што ги нуди претприемништвото, се чини дека во Пелагонискиот регион, каде што се реализира оваа ситуациона анализа, сеуште на претприемништвото не се гледа како на кариерна опција. Целта на истражувањето е мапирање на целната група за соодветно структуирање на активностите во насока на подобрување на можностите за вработување и поттикнување на маргинализираните групи активно да се вклучат во процесите за креирање на работни места и зголемување на вработливоста.

Теоријата и практиката покажуваат дека претприемачите може да се создадат. Но, важно е прашањето како тие може да се создадат на стратегиска основа и како да се создадат претприемачи водени од можностите а не од потребата, со цел да се обезбеди одржлив економски развој.

Создавањето на претприемачи претставува сериозен предизвик и бара голема посветеност од страна на креаторите на политики и едукаторите. Исто така, е потребно опкружување кое го поддржува претприемништвото, иновациите и претприемничкото однесување. За таа цел се наметнува потребата од формулирање на системско-стратегиски пристап за креирање и поттикнување на претприемничка култура и претприемничко однесување кај маргинализираните групи во Пелагонискиот регион во функција на развој на „претприемништвото засновано на можности“.

За потребите на проектот „Битола старт-ап центар“ во рамките на програмата Локално партнерство за вработување, финансирано преку проектот Зајакнување на социјалниот дијалог, кој го спроведува Меѓународната организација на трудот, со финансиска поддршка од Европската Унија, формирано е партнерство помеѓу Општина Битола и Младински културен центар- Битола, Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА

плус, Техничкото училиште „Ѓорги Наумов“, Регионална Комора- Битола, Агенција за вработување- Битола, Интерворкс Едукативен Центар- Битола и Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола. Ова партнерство ќе работи во насока на креирање на нова динамика на локалниот пазар на труд и зајакнување на соработката меѓу локалните засегнати страни. Ситуационата анализа претставува основа за реализација на планираните активности во рамките на проектот кои имаат за цел да креираат можности за поголема вработливост во Пелагонискиот регион, промовирањето на екосистем за стартапи и поддршка на претприемништвото. Ситуационата анализа се обидува да даде одговор на прашањето: кои се основните фактори кои влијаат врз развојот на претприемничката култура? Кои се основните мотиватори и демотиватори на маргинализираните групи за започнување на нов сопствен бизнис? Како да се мотивираат претприемничката кариера да ја гледаат како опција за самовработливост?
Младинскиот ентузијазам за вклучување во претприемнички активности треба да се охрабрува и развива на континуирана основа. Врз основа на идентификуваните предизвици, ситуационата анализа дава препораки за подобрување на тековната ситуација, како и вклучување на сите засегнати страни во развој на претприемништвото во Пелагонискиот регион.

This project is funded by the European Union

Implementing Agency

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Ситуационата анализа претставува стратегиски документ што има основна цел да се идентификуваат потребите на маргинализираните групи на граѓани, што ќе им се овозможи полесна интеграција на пазарот на труд. Ситуационата анализа се заснова на примена на квантитативно- квалитативна и функционална методологија на истражување, која вклучува повеќе фази во истражувањето. Истражувањето како насочен процес, разработува три основни компоненти на невработеноста кај маргинализираните групи и тоа: младинска невработеност, претприемништво и вработиливост. Истражувањето се состоеше од следните фази:

**1. Деск- истражување** кое опфати анализа на екстерни и интерни документирани извори. Деск- истражувањето претставува метод за собирање на секундарни податоци за да може да се организираат достапните податоци кои ќе дадат јасна слика за тековната ситуација на маргинализираните групи во Пелагонискиот регион.

**2. Стандардизирано интервју** кое беше спроведено на стратификуван примерок на 4 категории и тоа:

- Млади невработени лица од 18-29 години;
- Жени;
- Млади невработени Роми од 18-29 години;
- Млади невработени без образование и обука (NEET);

**3. Подготовка на ситуациона анализа** што вклучува систематизирање на добиените сознанија и обработка во финален документ.

Изработката на ситуационата анализа обезбедува систематска поддршка преку примена на холистички пристап, што ќе овозможи да се влијае во насока на решавање на еден од најгорливите проблеми со кои се соочува општина Битола, а тоа е невработеноста на маргинализираните групи на граѓани.

Проблемот кој се разработува во ситуационата анализа се однесува на претприемништвото како функционален модел и можност за вработливост на маргинализираните групи во општина Битола.

Во текот на последните години се посветува големо вниманиена предизвиците со невработеноста, особено на младите луѓе и трошоците што се наметнуваат како резултат на невработеноста. Факт е дека решавањето на овој предизвик бара координирани и усогласени дејствија на сите засегнати страни за да може да се добие мерлив ефект врз положбата на младите луѓе на пазарот на труд. Оваа анализа претставува обид објективно да се прикажат предизвиците и можностите со кои се соочуваат младите во општина Битола, особено во делот на невработеноста, вработливоста, претприемништвото и општественото вклучување. Невработеноста на младите луѓе е главен интерес на општина Битола. Различните политики кои имаат за

Foundation for Sustainable Economic Development PREDA plus
YOUTH CULTURAL CENTER-BITOLA NORTH MACEDONIA
INTERWORKS EDUCATION CENTER
ЃОРЃИ НАУМОВ

цел да ја намалат младинската невработеност генерално се однесуваат кон подобрување на образованието. Денес, општина Битола се соочува со сериозен предизвик во однос на невработеноста на маргинализираните групи. Исто така, се соочува со сериозни предизвици да креираат пристојни и одржливи работни места за младите луѓе кои секоја година влегуваат на пазарот на труд.

Неуспехот да се интегрираат младите луѓе на пазарот на труд има негативно влијание врз економскиот просперитет на заедницата. Невработеноста на маргинализираните групи, со посебен фокус на младите е еден од најтешките социо-економски проблеми. Високата стапка на младинска невработеност со себе повлекува низа други проблеми: сиромаштија, социјален ризик, социјална несигурност што води кон низок квалитет на живот на младите луѓе. Креирањето поволна клима и механизми на пазарот на труд ќе резултираат со поттикнување и охрабрување на инвестициите и креирање на нови работни места. Општина Битола работи во насока на изградување на заедница во која сите граѓани ќе имаат еднакви можности за личен развој и напредок.

Во тој контекст, за да може да се подобри социо- економскиот статус и социјалната инклузија генералната претпоставка се темели на ставот дека: стратегискиот пристап за поттикнување на економско учество на маргинализираните групи преку претприемништво и вработливост ќе резултира со подобрување на нивна интеграција на пазарот на труд. Решавањето на овој проблем не подразбира еден модел туку повеќе различни пристапи за постојано, повремено и привремено вработување. Еден од моделите кои во последните години дава значајни резултати е претприемништвото и социјалното претприемништво. Со цел да се идентификуваат интересите кај младите луѓе од аспект на невработеноста, нивните очекувања, стравови, прецепција на ризикот во иднина или социјалниот успех и истите да може да се измерат, разработен и протокол за стандардизирано интервју, каде што се мерат следните варијабли:

1. Пол и возраст на испитаниците;
2. Ниво на образование на испитаниците;
3. Професионална обука;
4. Тековно искуство со вработување;
5. Слободно време;
6. Причини за неактивност на пазарот на труд;
7. Персонални релации;
8. Ставови и размислувања за претприемништвото;

Во тој контекст, изработениот методолошки инструментариум се состои од соодветни индикатори за секоја наведена варијабла. Испитаниците имаат можност, слободно да го кажат своето мислење. Прашањата во протоколот за интервју се отворени и се вкупно 32. Примерокот вклучен во истражувањето е целен и стратификуван. Целен е бидејќи се избран во согласност со целите на истражувањето. Стратификуваниот примерок се состои од 4 стратуми (категории) и тоа:

- Млади невработени лица од 18-29 години- 7
- Жени- 7
- Млади невработени Роми од 18-29 години- 7
- Млади невработени без образование и обука (NEET)- 6

Долгорочната невработеност на маргинализираните групи резултира со нивно обесхрабрување и социјално исклучување. Таквите негативни последици водат кон губење на младите луѓе. Недоволниот спектар на можности за вработување на младите луѓе имаат негативно влијание на перспективите за идни вработувања, и често резултираат со социјално исклучување на оваа маргинализирана група. Во таа смисла, кај младите се појавуваат чувства на ранливост и бескорисност, уште на влезот на пазарот на труд. Дополнително, кај младите луѓе поради чувството на немоќност да се интегрираат на пазарот на труд, тие имаат негативна слика за себе си и средината во која што живеат, како и тенденција за појава на девијантно однесување.

## 2. СОЦИО- ЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТ И ПРЕГЛЕД НА (НЕ)ВРАБОТЕНОСТА КАЈ МЛАДИТЕ

Во последната деценија, вработувањето на младите добива се поголема важност во агендата за развој на Република Северна Македонија. Заложбите за продуктивна вработеност и пристојна работа за сите млади луѓе е приоритет во работењето на општина Битола. Покрај одредено ниво на напредок, ефективното спроведување на успешен пристап за вработување на младите, сеуште останува предизвик. Меѓутоа, факт е дека продуктивното вработување и пристојната работа за младите не може да се постигне преку изолирани интервенции. Се наметнува потреба од системско-кохерентен пристап и целни интервенции кои ќе им помогнат на младите луѓе да ги надминат бариерите со кои се соочуваат при влезот на пазарот на труд. Особена важност се дава на партнерството при справувањето со предизвикот на невработеноста. Факт е дека главната улога ја има државата но, потребно е усогласено делување и координација меѓу различните владини институции и агенции, на национално и локално ниво. Но, потребна е поддршка од општеството во целина, односно, од приватниот и граѓанскиот сектор. Суштинската одлика на показателите на пазарот на труд е што поединците се класифицираат во 3 категории што заемно се исклучуваат: вработени, невработени и неактивни. Во овој случај, фокусот се става на невработеноста кај младите луѓе. Според критериумите на МОТ „невработени“ се сите поединци: а) без работа (што не се платени или самовработени); б) кои се тековно достапни за платено вработување или самовработување; и в) активно бараат работа; Дефиницијата за невработеност го отфрла активното барање на работа, за да ги вклучи обесхрабрените невработени работници т.е. оние поединци што не бараат работа,

бидејќи сметаат дека нема достапна работа или веруваат дека не ги поседуваат неопходните вештини за да бидат конкурентни на пазарот на труд.

Нормално, обесхрабрените работници не се вклучени при борењето на невработените лица и се сметаат за „неактивни“.[1]

Невработените лица се лица кои се способни да работат и сакаат да работат, но не можат да најдат работа. Невработеноста претставува социјален проблем без разлика на пол, возраст, ниво на образование или религиозни убедувања. Генерално, Република Северна Македонија се соочува со една од најголемите стапки на невработеност во Европа. Република Северна Македонија се соочува со висока стапка на невработеност и нееднаквоста и социјалната исклученост се исто така, високи. Во таа смисла, Република Северна Македонија сака и се развива во насока на општество во кое сите граѓани ќе се чувствуваат сигурно и ќе имаат еднакви можности за личен развој и напредок. Во тој контекст, се прават големи напори да се подобри социо- економскиот статус и социјалната инклузија на младите луѓе, во делот на вработливоста и самовработувањето. Високата стапка на младите во категоријата на невработени значи висок степен на социјална исклученост што значи маргинализирана позиција во општеството. Од друга страна пак, состојбата со невработеноста кај младите предизвикува миграциски движења, односно, одлив на мозоци што има негативно влијание врз перцепциите на младите и економскиот развој на земјата.

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупното население во Република Северна Македонија изнесува 2 074 502 жители, додека вкупното население во Пелагонискиот регион изнесува 229 491.[2]

Работоспсобното население според економската активност за 2019 година е прикажано во табелата 1.

**Табела 1. Работоспособно население според економската активност**

| | | **2019** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупна работна сила** | **Невработени** | **Неактивно население** |
| | | **Вкупно** | **Вкупно** | **Вкупно** |
| **Работоспособно население** | **15-19** | 8999 | 3373 | 109983 |
| | **20-24** | 72195 | 25508 | 61148 |
| | **25-29** | 119648 | 32304 | 34521 |

[1] R. Hussmans, F. Merhan, V. Verma, Survey of economically active population, employment, unemployment and underemployment: an ILO manual on concept and methods, ILO, Geneva, 1990

[2] Република Северна Македонија, Државен завод за статистика, Регионите во Северна Македонија 2019, ISSN 1857- 6141

This project is funded by the European Union

Implementing Agency

Извор: Државен завод за статистика,
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Од табелата 1 може да се види дека вкупната работна сила на возраст од 15-19 години изнесува 8999, на возраст од 20-24 години изнесува 72 195, додека на возраст од 25-29 години изнесува 119 648. Во 2019 година, вкупната работна сила на возраст од 15- 29 години изнесува 200 842 млади лица. Вкупно, невработени на возраст од 15-19 години изнесува 3377, на возраст од 20-24 години, 25 508, додека на возраст од 25-29 години изнесува 32 304. Вкупниот број на невработени млади лица на возраст од 15- 29 години изнесува 61 185. Бројот на работоспособно население кое не е активно на возраст од 15-19 години изнесува 109 983, додека на возраст од 20- 24 години изнесува 61 148, и на возраст оф 25-29 години изнесува 34 521. Вкупниот број на неактивни млади лица на возраст од 15- 29 години изнесува 205 652.
Табелата 2 дава преглед на структурата на работоспособното население според полот за 2019 година.

**Табела 2. Работоспособно население според полот**

| | | **2019** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Невработени** | | **Неактивно население** | |
| | | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** |
| **Структура според полот во %** | **15-19** | 75,4 | 24,6 | 49,6 | 50,4 |
| | **20-24** | 55,1 | 44,9 | 42,5 | 57,5 |
| | **25-29** | 54 | 46 | 29,4 | 70,6 |

Извор: Државен завод за статистика,
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Табелата 2 покажува дека во 2019 година процентот на невработени млади од машки пол на возраст од 15-19 години изнесува 75,4, додека 24,6% се од женски пол. На возраст од 20-24 години, невработени од машки пол се 55,1% додека 44,9% се од женски пол. И на возраст од 25-29 години, невработени од машки пол се 54% и 46% се од женски пол.  Забележително е дека меѓу невработените млади луѓе доминира машката популација на возраст од 15- 29 години. Но, ако се анализираат процентите во неактивните млади луѓе на возраст од 15- 29 години јасно е дека доминира женската популација. На возраст од 15-19 години, неактивни млади луѓе од машки пол се 49,6%,

додека 50, 4% се од женски пол. На возраст од 20-24 години неактивни се 42,5% од машки пол и 57,5% од женски пол. И на возраст од 25-29 години неактивни млади луѓе се 29,4% од машки пол и 70,6% од женски пол. Структурата на работоспособното население според возраста е дадена во табелата 3 што следи.

**Табела 3. Работоспособно население според возраста**

| | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Невработени** | | **Неактивно население** | |
| | | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** |
| **Структура според возраста во %** | **15-19** | 2,7 | 1,2 | 20,1 | 12,3 |
| | **20-24** | 14,9 | 15,9 | 9,6 | 7,8 |
| | **25-29** | 18,5 | 20,6 | 3,7 | 5,4 |

Извор: Државен завод за статистика, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Табелата 3 дава преглед на младите невработени и неактивни лица според возраста и полот. Оттука може да се види дека во 2019 година, на возраст од 15-19 години, невработени мажи се 2,7% додека 1,2% се жени. Неактивни млади лица се 20,1% мажи и 12,3% се жени. На возраст од 20-24 години, невработени мажи се 14,9% и 15,9% се жени, додека неактивни мажи се 9,6% и 7,8% се жени. На возраст од 25-29 години, невработени млади лица од машки пол се 18,5% и 20,6% се од женски пол, додека пак неактивни млади лица од машки пол се 3,7% и 5,4% се од женски пол.

Табелата 4 дава преглед на невработените според должината на невработеноста и вораста за временски период од 2017- 2019 година.

**Табела 4. Невработени според должината на невработеноста и возраста, по години**

| | **15-19** | | | **20-24** | | | **25-29** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2017** | **2018** | **2019** | **2017** | **2018** | **2019** | **2017** | **2018** | **2019** |
| **вкупно** | 8108 | 7650 | 3373 | 32690 | 29822 | 25508 | 42102 | 38195 | 32304 |
| **до 1 месец** | 755 | 770 | : | 1406 | 1719 | 1405 | 2695 | 2146 | 1957 |
| **2-5 месеци** | 1587 | 1320 | 565 | 3446 | 4166 | 3342 | 4335 | 3278 | 2413 |
| **6-11** | 1590 | 2020 | : | 2828 | 3354 | 2032 | 3228 | 3039 | 2183 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **месеци** | | | | | | | | | |
| **12-17 месеци** | 2358 | 1392 | : | 2835 | 2685 | 3212 | 2966 | 2883 | 3485 |
| **18-23 месеци** | 963 | 1442 | : | 2162 | 2774 | 2940 | 2585 | 2517 | 2818 |
| **2 години** | : | : | : | : | : | 1309 | 644 | : | 890 |
| **3 години** | : | : | : | 7066 | 4346 | 2798 | 3778 | 3747 | 2135 |
| **4 и повеќе години** | : | : | 1168 | 12620 | 10485 | 8470 | 21870 | 20295 | 16421 |

Извор: Државен завод за статистика,
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Од табелата 4 може да се види дека млади лица на возраст од 15-19 години кои се невработени од 2 до 5 месеци за 2019 година се 565, додека бројот на невработени од 4 и повеќе години изнесува 1168. На возраст од 20-24 години, бројот на млади лица кои не се вработени до 1 месец изнесува 1405, невработени од 2-5 месеци се 3342, од 6-11 месеци се 20032, од 12-17 месеци се 3212, од 18-23 месеци се 2940, до 2 години се 644, до 3 години се 3778 и 4 и повќе години бројот изнесува 21 870 млади лица. Млади лица на возраст од 25- 29 години кои не се вработени до 1 месец се 1957, од 2-5 месеци се 2413, од 6-11 месеци се 2183, од 12-17 месеци 3485, од 18-23 месеци 2818, до 2 години се 890 и 4 и повеќе години се 2135.
Табелата 5 дава преглед на долгорочно невработените лица според возраста.

**Табела 5. Долгорочно невработени лица според возраста**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **2019** | | |
| | | **15-19** | **20-24** | **25-29** |
| **Невработени лица** | **Вкупно** | 1844 | 18729 | 25750 |

Извор: Државен завод за статистика,
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Табелата 5 покажува на долгорочно невработените млади лица на возраст од 15-29 години. Може да се види дека во 2019 година, на возраст од 15-19 години бројот изнесува 1844, на возраст од 20-24 години изнесува 18729 и на возраст од 25-29 години

бројот изнесува 25 750. Врз основа на податоците може да се види дека најголем број на долгорочно невработени млади лица се на возраст од 25-29 години.

**Табела 6. Невработени според школската подготовка и возраста, по години**

| | | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 15-19 | 20-24 | 25-29 |
| **Структура според школската подготовка во %** | **Вкупно** | 3,9 | 15 | 19,2 | 2 | 15,3 | 19,4 |
| | **Без образование** | : | : | : | : | : | : |
| | **Незавршено основно образование** | : | : | : | : | - | : |
| | **Основно образование** | 4,2 | 6,1 | 8,6 | 1,8 | 3,1 | 6,7 |
| | **3 години средно образование** | 4,6 | 7 | 8,6 | : | 5,9 | 9,1 |
| | **4 години средно образование** | 5,2 | 21,8 | 17 | 3 | 25,4 | 17,5 |
| | **Више образование** | - | : | : | - | : | : |
| | **Високо образование** | - | 12,2 | 41,8 | - | 10,7 | 43,3 |

Извор: Државен завод за статистика, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Од табелата 6 може да се види дека процентот на невработени млади лица во 2019 година на возраст од 15-19 години кои се без образование и незавршено основно образование изнесува 0%, додека со основно образование се 1,8%. Невработени со 4 години средно образование се 3%. На возраст од 20-24 години невработени со основно образование се 3,1%, со 3 години средно образование се 5,9%, со со 4 години средно образование се 25,4% и со високо образование се 10,7%. Јасно е дека најголем процент на невработени млади лица на возраст од 20-24 години се со 4 години средно образование. Невработени млади лица на возраст од 25-29 години се вкупно 19,4%. Со основно образование се 6,7%, со 3 години средно образование се 9,1%, со 4 години

средно образование се 17,5% и со високо образование се 43,4%. Во оваа возрасна група од 25-29 години, невработените млади луѓе во најголем процент се со високо образование.
Во табелата 7 се прикажани податоци за обесхрабрени лица кои не бараат работа бидејќи ценат дека нема расположливи места.

**Табела 7. Обесхрабрени лица кои не бараат работа бидејќи ценат дека нема расположливи места, по возрасни групи, по години**

| | **2019** | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **15-24** | 5035 | 2954 | 2080 |
| **25-34** | 7497 | 3653 | 3844 |
| **35-44** | 4848 | 2465 | 2383 |

Извор: Државен завод за статистика,
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Од табелата 7 може да се види дека обесхрабрени лица кои не бараат работа бидејќи ценат дека нема расположливи места, на возраст од 15-24 години се 5035 млади лица, од кои 2954 се мажи, додека 2080 се жени. На возраст од 25-34 години вкупниот број на обесхрабрени лица изнесува 7497, од кои 3653 се мажи, а 3844 се жени. И на возраст од 35-44 години вкупниот број на обесхрабрени лица се 4848, од кои 2465 се мажи и 2383 се жени. Може да се заклучи дека најголем број на обесхрабрени лица се на возраст од 25-34 години и во оваа категорија доминираат жените.
Во табелата 8 се прикажани податоци за лицата на возраст од 15-19 години кои не се вработени и кои не се вклучени во процесот на образование или обука.

**Табела 8. Лица на возраст од 15 до 19 години кои не се вработени и кои не се вклучени во процесот на образование или обука, по години**

| | | **2019** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Лица** | **Вкупно** | 11371 | 5550 | 5821 |
| | **Невработени** | 3184 | 2503 | 682 |

Извор: Државен завод за статистика,
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Табелата 8 дава преглед на невработените лица на возраст од 15-19 години кои не се вклучени во процесот на образование или обука. Оттука јасно се гледа дека во 2019 година, вкупниот број на лица кои не се вкучени во процесот на образование или обука изнесува 11 371, од кои 5550 се мажи и 5821 се жени. Невработени кои се не вклучени во процесот на образование или обука се 3184, од кои 2503 се мажи и 682 се жени.
Во табелата 9 што следи е даден преглед на невработеноста во Битола.

**Табела 9. Невработеност во Битола**

| 31.10.2019 | Невработени | | |
|---|---|---|---|
| По локација | Урбани | Рурални | Вкупно |
| Вкупно | 3706 | 948 | **4654** |
| % | **79,6** | **20,3** | 100,0 |

Извор: Териториjална диjагностика за развоj на локални планови за вработување во Битола

Добиените податоци прикажани во табелата 9 покажуваат дека вкупниот број на невработени лица во 2019 година во урбаните средини изнесува 3706 или 79,6%, додека 948 се невработени од руралните средини или 20,3%. Вкупниот број на невработени лица од урбаните и руралните средини изнесува 4654.

**Табела 10. Невработеност во Битола според полот**

| | Невработени | | |
|---|---|---|---|
| Според пол | Жени | Мажи | Вкупно |
| Вкупно | 2404 | 2250 | **4654** |
| % | **51,6** | **48,3** | 100,0 |

Извор: Териториjална диjагностика за развоj на локални планови за вработување во Битола

Податоците од табелата 10 говорат дека од вкупниот број на невработени кој изнесува 4654, наголемиот број се жени 2404 (51,6%), додека 2250 се мажи или 48,3%. Табелата 11 дава преглед на невработени лица според пол и возраст во Битола.

**Табела 11. Невработеност во Битола по возраст и пол во Битола**

| По возраст | Жени | Мажи | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| 15-19 | 49 | 34 | 83 | 1,78 |
| 20-24 | 153 | 147 | 300 | 6,45 |
| 25-29 | 231 | 210 | 441 | 9,48 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30-34 | 272 | 184 | 456 | 9,80 |
| 35-39 | 286 | 166 | 452 | 9,71 |
| 40-44 | 246 | 173 | 419 | 9,00 |
| 45-49 | 245 | 182 | 427 | 9,17 |
| 50-54 | 259 | 216 | 475 | 10,21 |
| 55-59 | 363 | 381 | 744 | 15,99 |
| 60-64 | 300 | 557 | 857 | 18,41 |
| **Total** | **2404** | **2250** | **4654** | **100,0** |

Извор: Територијална дијагностика за развој на локални планови за вработување во Битола

Од табелата 11 може да се види дека на територијата на Битола невработени млади лица на возраст од 15-19 години се вкупно 83, од кои 49 се жени и 34 мажи, или 1,78%. Вкупниот број на невработени на возраст од 20-24 години се 300 (6,45%), од кои 153 се жени и 147 се мажи. На возраст од 25-29 години, вкупно се невработени 441 (9,48%) од кои 231 се жени и 210 се мажи. Невработени млади лица на возраст од 30-34 години се вкупно 456 (9,80%) од кои 184 се мажи и 272 се жени. Податоците покажуваат дека поголем број од невработените млади лица на возраст од 15-34 години се жени.
Табелата 12 дава преглед на невработени лица во Битола по образование.

**Табела 12. Невработеност по образование во Битола**

| По образование | Жени | Мажи | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| Без образование или основно образование | 910 | 1103 | 2013 | 43,25 |
| Основно образование | 239 | 328 | 567 | 12,18 |
| Непотполно средно образование | 603 | 510 | 1113 | 23,91 |
| Завршено средно образование | 90 | 54 | 144 | 3,09 |
| Високо образование | 525 | 233 | 758 | **16,29** |
| Магистратура | 37 | 21 | 58 | 1,25 |
| Докторат | 0 | 1 | 1 | 0,02 |
| **Вкупно** | **2404** | **2250** | **4654** | **100,00** |

Извор: Територијална дијагностика за развој на локални планови за вработување во Битола

Од табелата 12 може да се види дека вкупниот број на невработени лица без образование или со основно образование изнесува 2013 (43,25%), од кои 910 се жени и 1103 се мажи. Вкупниот број на невработени со основно образование изнесува 567 (12,18%), од кои 239 се жени и 328 се мажи. Со непотполно средно образование

невработени се вкупно 1113 (23, 91%) од кои 603 се жени и 510 се мажи. Со завршено средно образование вкупно се невработени 144 (3,09%) од кои 90 се жени и 54 се мажи, додека со високо образование вкупниот број на невработени изнесува 758 (16,29%), од кои 525 се жени и 233 се мажи. Невработени лица со магистратура се вкупно 58 (1,25%) од кои 37 се жени и 21 се мажи, додека со докторат е невработено 1 лице од машки пол. Од податоците може да се види дека најголем број на невработени лица се без образование или со основно образование. Исто така, треба да се забележи дека е голем бројот на невработени со високо образование.

Според возрасната структура во 2020 година во Битола се вкупно 3352 невработени жени. Од нив на возраст од 15-19 години се вкупно 56 жени, додека на возраст од 20-24 години се вкупно 271 и на возраст од 25-29 години се 378 жени.

Според податоците од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во прегледот на невработени лица според школската подготовка во 2020 година во Битола се евидентирани вкупно 6478 од кои 3352 се жени. Без образование и со основно образование во Битола се евидентирани 1322 жени, додека со непотполно средно образование се вкупно 325 жени, со завршено средно образование се 903 жени, со више образование се 112 жени. Вкупниот број на жени со високо образование се648 жени, магистри на науки се 49, додека 2 жени се невработени и се доктори на науки.

**Табела 13. Невработеност според должината на невработеноста во Битола**

| Должина на невработеност | Жени | Мажи | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 месец | 267 | 146 | 413 | 8,87 |
| 1-5 месеци | 547 | 450 | 997 | 21,42 |
| 6-11 месеци | 393 | 375 | 768 | 16,50 |
| 12-17 месеци | 204 | 162 | 366 | 7,86 |
| 18-23 месеци | 166 | 144 | 310 | 6,66 |
| 2 години | 223 | 280 | 503 | 10,81 |
| 3 години | 113 | 112 | 225 | 4,83 |
| 4 години | 106 | 103 | 209 | 4,49 |
| 5-7 години | 226 | 281 | 507 | 10,89 |
| повеќе од 8 | 159 | 197 | 356 | 7,65 |
| | **2404** | **2250** | **4654** | **100,00** |

Извор: Територијална дијагностика за развој на локални планови за вработување во Битола

Податоците во табелата 13 покажуваат дека најголем процент и од мажите и од жените чекаат работа од 1-5 месеци. 16,50% од невработените чекаат работа од 6-11 месеци, додека 10,81% чекаат работа 2 години. Од 5-7 години чекаат работа 10,89% од мажите

и жените. Мал процент од 4,83% чекаат работа 3 години и 4,49% чекаат работа 4 години. Само 7,65% од мажите и жените чекаат работа повеќе од 8 години.

Редуцирањето на младинската невработеност е еден од главните предизвици со кои се соочува Република Северна Македонија. Имајќи го во предвид процентот на невработеност се наметнува потребата од фокусирање на напорите во насока на креирање на работни места за ранливите категории преку претприемништво.

Според податоците добиени од Државниот Завод за Статистика на Република Северна Македонија во првото тримесечје од 2020 година, активното население изнесува 967 733 лица, од кои се вработени 811 106, а 156 627 лица се невработени. Стапката на невработеност во овој период изнесува 16.2. во првото тримесечје од 2020 година, вкупно се невработени 95 642 мажи и 60 985 жени. На возраст од 15- 24 годин, невработени се 27 662 лица, и од 25-49 години, 98 082 лица. Официјалните податоци според пописот од 2002 година покажуваат дека вкупниот број на Роми кои што живеат во општина Битола изнесува 2613, но, според понови податоци на невладиниот сектор, овој број е поголем и изнесува над 5000. Населбата Баир е составен дел од општина Битола, и најголемиот процент на Ромската популација во Битола е концентрирана во оваа населба. Населбата Баир се простира на три ридови, и тоа Смилевски баир, Централен баир и Петочна вода. Ромската етничка група се соочува со бројни проблеми меѓу кои може да се споменат: ниско ниво на економска активност што предизвикува сиромаштија, зависност од социјална помош од државата, ниско ниво на образование и писменост и сл. Сето ова предизвикува негативна перцепција, стереотипи и предрасуди за Ромите од страна на другите, што придонесува тие да се соочуваат со секојдневна дискриминација.

Според податоците од Eurostat во 2019 година во Европска Унија 16,4% на возраст од 20-34 години спаѓаат во групата NEET (невработени кои не се во образование и обука). Според полот во 2019 година во Република Северна Македонија процентот на млади луѓе на возраст од 20-34 години, кои се невработени и не се во образование или обука се движи во следниот тренд: процентот на мажи изнесува 25, 3% додека процентот на жени изнесува 37, 4%. Во табелата 14 е даден преглед на процентот на групата NEET во периодот од 2010- 2019 година.

Од табелата 14 може да се види дека во Република Северна Македонија процентот на NEET (невработени кои не се во образование и обука) бележи тренд на опаѓање во 2019 во споредба со 2011 кога се забележува највисок процент од 34, 3%. Во 2019 година тој процент изнесува 26,7%. Акко се направи споредба со останатите земји во Европската Унија може да се види дека Република Северна Македонија бележи висок процент на NEET (невработени кои не се во образование и обука).

**Табела 14. NEET (невработени кои не се во образованние или обука во периодот од 2010- 2019)**

| GEO/TIME | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| European Union - 27 countries (from 2020) | 16,6 | 16,8 | 17,3 | 17,5 | 17,0 | 16,6 | 16,0 | 15,1 | 14,4 | 14,0 |
| European Union - 28 countries (2013-2020) | 16,4 | 16,6 | 17,1 | 17,2 | 16,6 | 16,1 | 15,6 | 14,7 | 14,1 | 13,6 |
| European Union - 15 countries (1995-2004) | 16,0 | 16,1 | 16,6 | 16,7 | 16,1 | 15,7 | 15,2 | 14,5 | 13,9 | 13,4 |
| Euro area - 19 countries (from 2015) | 16,6 | 16,7 | 17,3 | 17,5 | 17,1 | 16,6 | 16,1 | 15,3 | 14,6 | 14,1 |
| Belgium | 13,7 | 14,5 | 15,1 | 15,6 | 14,8 | 15,5 | 14,2 | 13,7 | 13,0 | 12,8 |
| Bulgaria | 24,0 | 25,6 | 25,4 | 26,1 | 24,7 | 23,0 | 22,8 | 19,5 | 19,1 | 17,5 |
| Czechia | 15,7 | 15,0 | 15,8 | 15,6 | 15,0 | 14,9 | 13,6 | 12,4 | 12,5 | 13,2 |
| Denmark | 8,7 | 9,1 | 9,3 | 8,9 | 8,9 | 9,1 | 9,2 | 10,5 | 10,2 | 10,0 |
| Germany (until 1990 former territory of the FRG) | 12,5 | 11,3 | 10,9 | 10,4 | 10,4 | 10,2 | 10,5 | 10,0 | 9,6 | 9,3 |
| Estonia | 19,4 | 16,6 | 16,5 | 15,3 | 15,2 | 13,3 | 14,9 | 12,6 | 12,6 | 11,6 |
| Ireland | 22,2 | 23,1 | 22,4 | 20,0 | 18,4 | 17,1 | 15,6 | 13,9 | 12,7 | 12,6 |
| Greece | 20,4 | 25,0 | 29,1 | 30,8 | 29,5 | 27,1 | 25,6 | 24,2 | 22,3 | 20,7 |
| Spain | 20,9 | 21,7 | 23,6 | 24,0 | 22,4 | 20,9 | 19,5 | 17,9 | 16,7 | 16,0 |
| France | 15,4 | 15,6 | 16,1 | 14,7 | 15,1 | 15,7 | 15,6 | 15,0 | 14,5 | 14,0 |
| Croatia | 18,2 | 20,4 | 21,7 | 23,2 | 22,2 | 21,1 | 20,6 | 18,9 | 16,2 | 15,0 |
| Italy | 23,3 | 23,7 | 24,8 | 27,2 | 27,4 | 26,9 | 26,0 | 25,5 | 24,8 | 23,8 |
| Cyprus | 12,9 | 15,0 | 17,4 | 20,3 | 19,5 | 18,7 | 18,8 | 18,0 | 15,4 | 14,6 |
| Latvia | 21,4 | 20,2 | 18,2 | 16,3 | 16,6 | 14,7 | 14,4 | 13,8 | 12,7 | 12,0 |
| Lithuania | 18,4 | 16,1 | 15,3 | 14,1 | 13,5 | 12,6 | 12,0 | 11,5 | 10,6 | 11,6 |
| Luxembourg | 7,7 | 7,4 | 8,4 | 8,5 | 8,1 | 8,4 | 8,1 | 7,7 | 8,3 | 6,9 |
| Hungary | 20,6 | 20,2 | 20,9 | 20,4 | 18,1 | 16,9 | 15,8 | 15,0 | 14,7 | 14,6 |
| Malta | 14,9 | 14,2 | 13,9 | 12,9 | 13,1 | 13,2 | 10,6 | 10,4 | 9,3 | 9,1 |
| Netherlands | 7,0 | 7,0 | 7,7 | 8,8 | 8,8 | 8,1 | 7,9 | 7,3 | 6,8 | 7,0 |
| Austria | 10,2 | 9,6 | 9,0 | 9,8 | 10,0 | 9,9 | 9,8 | 9,3 | 9,4 | 9,2 |
| Poland | 15,9 | 16,4 | 16,9 | 17,4 | 16,7 | 15,8 | 15,1 | 14,3 | 13,7 | 13,4 |
| Portugal | 14,2 | 14,2 | 16,6 | 17,1 | 15,2 | 13,5 | 13,2 | 11,2 | 9,9 | 9,5 |
| Romania | 19,2 | 20,0 | 20,1 | 20,5 | 20,0 | 21,1 | 20,8 | 18,7 | 18,0 | 17,3 |
| Slovenia | 9,6 | 9,6 | 11,8 | 13,2 | 13,6 | 12,5 | 11,5 | 9,9 | 9,5 | 9,0 |
| Slovakia | 20,9 | 20,9 | 21,2 | 21,5 | 21,4 | 19,9 | 18,2 | 18,6 | 17,2 | 17,2 |
| Finland | 11,5 | 11,1 | 11,5 | 12,1 | 12,9 | 13,1 | 12,7 | 12,4 | 11,2 | 10,3 |
| Sweden | 8,3 | 7,9 | 8,3 | 7,9 | 7,7 | 7,4 | 7,2 | 6,9 | 6,9 | 6,4 |
| United Kingdom | 15,2 | 15,8 | 15,5 | 15,0 | 13,7 | 13,3 | 13,0 | 12,2 | 12,0 | 11,7 |
| Iceland | 10,5 | 8,3 | 7,4 | 7,3 | 7,3 | 5,8 | 5,4 | 4,5 | 5,7 | 5,7 |
| Norway | 7,6 | 7,4 | 7,2 | 7,5 | 7,9 | 8,1 | 8,3 | 7,9 | 7,7 | 7,3 |
| Switzerland | 9,1 | 8,9 | 8,6 | 8,8 | 8,5 | 8,2 | 8,0 | 7,9 | 7,3 | 6,7 |
| Montenegro | : | 27,8 | 27,4 | 26,4 | 25,1 | 25,6 | 24,8 | 23,4 | 23,0 | 24,2 |
| North Macedonia | 34,3 | 33,8 | 33,9 | 33,1 | 33,9 | 33,9 | 32,3 | 32,5 | 31,4 | 26,7 |
| Serbia | 26,4 | 28,4 | 28,6 | 27,8 | 27,1 | 26,1 | 23,8 | 23,0 | 21,2 | 19,9 |
| Turkey | 36,4 | 34,0 | 32,9 | 30,9 | 30,2 | 29,6 | 29,4 | 29,1 | 29,1 | 30,9 |

Извор: Eurostat

## 3. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Имајќи ја во предвид целокупната ситуација со невработеноста, предизвикот со креирање на работни места преку претприемништво добива свои специфичнни димензии. Во рамките на потенцијалните напори и стратегии да се поттикне вработливоста и креирањето на работни места за младите луѓе, претприемништвото се прифаќа како важна и вредна стратегија за да се креираат работни места и да се подобри квалитетот на животот и економската независност кај младите луѓе. Станува збор за иновативен пристап за интеграција на младите во денешниот предизвикувачки пазар на труд.

Во последните години во Република Северна Македонија се активирани и промовирани политики и мерки кои се однесуваат на поттикнување на самовработувањето и вработливоста, кои ги вклучууваат младите и/или припадниците на социјално загрозените групи. Невработеноста на овие категории на долгорочна основа може да резултира со социјална нестабилност, која ќе има негативни последици врз националната економија. Надминувањето на овој предизвик бара континуирано и координирано делување на државата. За таа цел, Република Северна Македонија има разработено системски пристап кој е особено значаен за креаторите на политиките за да имаат увид во намалувањето на невработеноста. Активностите кои се преземаат во насока на градење на иновациска инфраструктура се интензивираат после 2008 година и значајни чинители се: Владата, НВО секторот и образованието. Овие значајни чинители го сочинуваат Националниот иновациски систем во Република Северна Македонија.[3]

***ВЛАДИНА (ДРЖАВНА) ИНФРАСТРУКТУРА.*** Во 2008 година во македонскиот парламент е донесен закон за технолошки развој кој дефинира рамка за основање на инкубатори и технолошки паркови. Во таа насока постојат 4 стратегии и тоа:

**1. Стратегија за интелектуална сопственост (2009-2012)** која има за цел да ја зајакне правната рамка од областа на интелектуалната сопственост во насока на развивање на капацитетот на поединци и бизнис заедницата за заштита на правата на интелектуалната сопственост.

**2. Индустриска политика на Р. М. (2009-2020)** кој претставува проактивно и развојно ориентиран стратегиски документ за подобрување на македонската индустрија и економија. Во овој документ се вклучени 5 области на интервенција и

[3] М-р Бојан Јовановски, „Фактори кои ја определуваат иновативноста на микро и малите претпријатија" докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Машински факултет, Скопје, 2019 година, страна 38-50.

тоа: (1) меѓународна соработка и стимулација на странски директни инвестиции; (2) примена на истражувачки развој и иновации; (3) еколошки производи и услуги за одржлив развој; (4) развој на МСП и претприемништво; (5) соработка преку групи и мрежи;

**3. Програма за научно- истражувачка дејност, технолошко- технички развој во Р.М.** кој се развива според Законот за научно- истражувачка дејност и Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој. Научните истражувања и развој се еден од приоритетите за напредок на државата и економијата.

**4. Стратегијата за иновации на Р. М. (2012-2020),** што има за цел да ја трансформира националната економија во економија базирана на знаење, која треба да се натпреварува со обучена работна сила и иновациски компании.

Дополнителни владини документи на национално и локално ниво а се во корелација со развој на претприемништвото во Република Северна Македонија се:

**5. Стратегија за конкурентност (2016-2020)** која ги опфаќа клучните теми поврзани со конкурентноста вклучувајќи: поедноставна и постабилна деловна средина, претприемачки и продуктивен деловен сектор; динамичен извозен сектор; атрактивна средина за странски инвеститори; вешта и претприемачка работна сила; активна индустриска политика; финансии за претприемачкиот сектор;

**6. Стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2022)** во чија основа е визијата дека МСП се двигатели на инклузивниот економски раст и создавање на продуктивни и одржливи работни места. Стратегиски цели се поволно деловно опкружување каде што ќе се поттикнуваат претприемништвото и иновациите, зголемување у оидибрување на можноста за раст на МСП да станат високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и други меѓународни пазари и динамичен екосистем на претприемништво и иновации.

**7. Стратегија за развој на женското претприемништво** чија цел е економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал што ќе придонесе за развој на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места а со тоа и јакнење на целокупната економија.

**8. Стратегија за претприемачко учење (2014-2020)** која се фокусира кон подобрување на вештините за вработливост на младите луѓе во земјата и создавање на можности за оспособување на сите граѓани да бидат оспособени со потребните претприемачки компетенции. Исто така, фокусот е ставен кон креирање систем за доживотно претприемачко учење и зајакнување на претприемачки дух преку начелата за доживотно учење применети во сите сегменти на образовниот систем.

**9. Стратегија за регионален развој (2009-2019)** која опфаќа мерки за подобрување на бизнис климата во регионот. Фокусот е ставен на поддршката за примена на мерките за подобрување на претприемништвото и поддршката за

проширување на економскиот развој, како и мерките за создавање на конкурентна средина во планираните региони.

**10. Стратегија за Ромите во Република Македонија (2014-2020).** Според оваа стратегија постојат околу 120 ромски невладини организации кои целат кон тоа да го подобрат статусот на образованието кај Ромите, и последователно, да придонесат за надминување на крајно неповолната социо-економска ситуација на ромската заедница во Република Северна Македонија. Исто така, треба да се истакне и постоењето на Ромски информативни центри чија работа е навремено да ги информира, советува, упатува и да дава логистичка подршка на граѓаните со цел да ги остварат своите права и обврски од областите на социјалната заштита, вработувањето, здравството, домување и образование, вадење на лични документи и др. Иако постои одреден напредок во однос на подобрувањето на интегрираноста на Ромите во општествените текови, сепак актуелните состојби укажуваат на потребата од продолжување со позитивните трендови.

**11. Националната стратегија за вработување на Република Македонија (2016-2020)** се разликуваат два вида на ранливи категории: родови разлики и млади лица. Младите луѓе како ранлива категорија се соочуваат со тежок премин од образованието кон пазарот на труд. Просечното време за премин од завршување на образованието до наоѓање на стабилна работа е 6 години. Покрај тоа, стапката на невработеност на младите лица е околу 50%. Една од причините за ова лежи во фактот дека дел од младите во земјата се надвор и од образованието и од пазарот на труд.

**12. Националната стратегија за млади на Република Македонија** која се стреми кон подобрување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во земјата. Оваа стратегија ги дефинира следните приоритети за дејствување на државните институции и младински здруженија на граѓани:

1. Социјален развој и социјална интеграција на младите преку квалитетно формално и неформално образование;
2. Економски развој на младите преку младинско претприемништво;
3. Подобрување на квалитетот на живеење на младите луѓе;
4. Активно учество на младите луѓе во јавниот живот и во процесите на донесување на одлуки на национално и локално ниво.

**13. Оперативен план за активни програми на пазарот на трудо и услуги за вработување.** Р. Северна Македонија од аспект на прашањето за намалување на невработеноста се соочува со бројни предизвици. Со цел да се подобри функционирањето на пазарот на труд, да се поддржи отворањето на нови работни места и да се зголеми вработливоста на невработените лица изготвен е Оперативен план за 2017 година со кој се опфатени активните програми и мерки за вработување и

услуги на пазарот на труд.[4] Основната претпоставка за постоењето и притоа, реализацијата на Оперативниот план е подобрување на функционирањето на пазарот на труд. Основните програми/мерки за вработување и услуги на пазарот на труд опфатени со Оперативниот план се следните:

1. Развој на претприемништвото (Програма за самовработување/Програма за самовработување на лица со инвалидност).
2. Субвенционирано вработување (Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места/Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик/Субвенционирано вработување за невработени лица преку ослободување од придонеси/персонален данок на доход (Проект “Македонија вработува 2“)/ Субвенционирано вработување на лица со инвалидност/Поддршка за брзорастечки фирми – Газели/ Финансиска поддршка за отворање на приватни детски градинки/Финансиска поддршка за отворање на приватни домови за стари лица.
3. Обука (Обука кај познат работодавач/ Обука на работното место со субвенционирано вработување/Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот/ Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот за лица со инвалидност/ Обука за напредни ИТ вештини/ Обука за возачи за Ц, Д и Е – категорија/ Обука за стекнување на вештини од стари занаети - Практикантство 1 - Практикантство 2/ Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за странски јазици/ Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за компјутери/ Обука за странски јазици со сертификати/ Обука за стекнување квалификации според моменталните потреби на пазарот на труд (сектор услуги и индустрија)/ Обука и советување за претпремништво за млади).
4. Општинско-корисна работа (Програма за општинско-корисна работа).
5. Пилот-програми (Развој и имплементација на пилот програми за млади според локалните потреби).
6. Услуги за вработување.
7. Помош при барање работа (информации за пазарот на труд, советување и насоки за вработување)/ Обука за вработување и барање работа/ Мотивациони обуки/ Посредување при вработување/ Услуги за работодавачи/ Подготовка за вработување и за работа/ Обуки за животни вештини и мотивација/ Професионална ориентација и подготвеност за работа/ Услуги на активирање поединци изложени на ризик од

[4] Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година е достапен на следниот линк: http://www.avrm.gov.mk/content/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%9E%D0%9F%202017.pdf

социјално исклучување/  Едукација за користење на он-лајн услугите на АВРМ/ Саеми за вработување).

**14. Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија (2010-2020)** има главна стратешка цел за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Северна Македонија. Намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклучност ќе се реализира преку подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените услови за сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развој на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории во локален контекст. Во стратегијата настојувањето, мерките и активностите се насочени кон остварување на главната стратешка цел, усогласување на политиките во одделни области во делот на инклузивен раст а се концентрирани во следните подрачја: вработување и јакнење на претприемништвото, прилагодување на образованието со пазарот на трудот, социјална и детска заштита и изградба на нов социјален модел, унапредување на здравствената заштита и долготрајна нега, транспорт, комуникации и домување, активација и зајакнување на локалните власти, поддршка на ранливите групи.

**15. Младинската гаранција** претставува сет на Владини мерки кои имаат за цел да гарантираат за квалитетни услуги кои им се нудат на младите во насока на вработување, континуирана едукација, и доедукација, пракса и тренинг. Младинската гаранција претставува проект кој се реализира од страна на Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување и Националниот младински совет. Младинската гаранција (гаранција за млади) е активна мерка за вработување на млади лица која активно се спроведува во државите на ЕУ од 2012 година. Република Северна Македонија ја имплементира оваа програма од 2018 година. Гаранцијата за млади им гарантира на младите лица дека во период од 4 месеци откако ќе се пријават во Агенцијата заа вработување во мерката Гаранција за млади, ќе им се понуди активна мерка за вработување или платена доедукација.

**16. Национална стратегија за млади (2016-2025).** Оваа стратегија ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општеството кои ќе водат кон подобрување на социоекономската положба на младите и кон создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси. Терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15-29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествен напредок, но и особена ранливост на социоекономските промени во општеството. Оваа стратегија се заснова на определбата да се работи за и со младите и да се овозможат услови во кои младите ќе можат да го достигнат сиот свој потенцијал како активни граѓани и кои придонесуваат не само  за својот личен и професионален развој, туку и за

развој на целото општество. Стратегијата е поделена на 9 клучни области и тоа: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка пред вработување, култура, спорт, задравје и квалитет на живот.

**17. Стратегија за развој на женското претприемништво во Република Македонија (2019-2023).** Стратегијата се однесува на развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија, со цел економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал што ќе придонесе кон развој на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места а со тоа и јакнење на целокупната заедница.

***НЕВЛАДИН (ГРАЃАНСКИ) СЕКТОР.*** НВО секторот игра особено важна улога во развојот и поттикнувањето на претприемништвото. Меѓу најуспешните организации кои сеуште се активни и успешно функционираат се:

**1. Фондација за претприемнички сервис за млади (ПСМ фондација)** каде што функционира како ПСМ бизнис инкубатор, фокусиран на поддршка на МСП во информатичката и комуникациската технологија и нуди услуги за забрзување на нивниот раст и развој.

**2. Бизнис ангели** кои се појавија на пазарот со Superfounders, со фокус на пазарот за развој на софтвер.

**3. Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ)** која ја поддржува реализацијата на иновативни, профитно ориентирани, технички базирани идеи преку обезбедување почетен капитал, обука и менторство на новонастанатите претпријатија со цел зголемување на нивниот капацитет.

**4. Startup Macedonia** е првиот стартап акцелератор кој има за цел да ги поддржува стартапите преку поддршка на иновативни и претприемачки идеи.

**5. Women in Tech Mk**, иницијатива која има за цел да ги ополномошти и поттикне жените во STEM (Science, Tech, Engineering and Math) во Северна Македонија.

На локално ниво постојат повеќе помали и поголеми организации кои работат на проблематиката на претприемништвото како што се: МКЦ- Битола, СУМНАЛ- Битола, Сфера, Интерактив, ИМКА, Гаус- Институт, ПРЕДА плус, Инова лаб и други.

***ОБРАЗОВАНИЕ.*** Во изминатата деценија во рамките на наставните програми во основно, средно и високо образование се вклучени предмети од областа на бизнисот и претприемништвото. Во рамките на академската заедница функционираат:

- **Технолошки парк на Универзитетот на Југоисточна Европа**, кој има улога за инкубирање на нови ИТ компании;

- **Регионалниот хаб за иновации на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство**, кој служи како канцеларија за технолошки трансфер за општествени иновациски решенија;
- **CEED Hub Скопје** кој нуди едукативни и социјални настани;
- **Битхаб во рамките на Факултетот за информатички и комуникациски технологии**, Битола кој работи во насока на поддршка и генерирање на ИТ старт-ап компании;

Претприемаштвото и претприемачкото образование е предизвик на модерното време.
Се поставува прашањето што прави Р. Северна Македонија во однос на тоа? Се прават значајни напори за воведување на претприемаштвото во образованието. Во средното стручно образование го има предметот Бизнис, во гимназиското и уметничкото средно образование предметот Иновации и претприемништво, додека во основното образование го има предметот Бизнис и претприемништво. Бројот на државни и приватни факултети каде претприемаштвото се третира како посебен предмет во последно време се зголемува. Само на Универзитетот за туризам и менаџмент, постои Факултет за преприемаштво и мал бизнис. На Машинскиот факултет во Скопје, постои центар за развој на бизнисот каде студентите стекнуваат знаења од областа на претприемништвото. На споменатите Факултети сите студенти слушаат предмети од областа на претприемаштвото и менаџментот на малиот бизнис. На некои факултети оваа материја се обработува само во рамките на поединечни предмети. На факултетот за информатички и комуникациски технологии- Битола постојат повеќе предмети од областа на претприемништвото и менаџментот.
На универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, во рамките на единиците постои предмет претприемништво, како и предмети од областа на менаџментот. Во табелата 15 што следи даден е преглед на застапеноста на предметот претприемништво во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола.

This project is funded by the European Union
Implementing Agency

**Табела 15. Застапеност на претприемништо во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола**

| УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ- БИТОЛА | | |
|---|---|---|
| **ЗАСТАПЕНОСТ ПО ФАКУЛТЕТИ И СТУДИСКИ ПРОГРАМИ** | **ПРЕТПРИЕМАШТВО** | |
| | **Прв циклус** | **Втор циклус** |
| **1. ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| 1.1. Студиска програма по е-бизнис | VI семестар, задолжителен, претприемаштво и мали бизниси | / |
| 1.2. Студиска програма по менаџмент и бизнис | V семестар, задолжителен, претприемаштво и мали бизниси | / |
| 1.3. Студиска програма по сметководство, финансии и ревизија | / | / |
| 1.4. Студиска програма по меѓународна економија и бизнис | / | / |
| 1.5. Студиска програма по маркетинг менаџмент | / | / |
| 1.6. Студиска програма по банкарство и финансиски менаџмент | / | / |
| 1.7. Студиска програма по иновации и проектен менаџмент | VI семестар, задолжителен, претприемаштво и мали бизниси | / |
| 1.8. Студиска програма по бизнис информатика (3 години) | VI семестар, задолжителен, претприемаштво и мали бизниси | / |
| **2. ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ** | | |
| 2.1. Студиска програма по квалитет за безбедност на храна | / | / |
| 2.2. Студиска програма по преработка на анимални производи | / | / |
| 2.3. Студиска програма по агроменаџмент | I семестар, задолжителен, претприемаштво и бизнис | /<br>/ |
| 2.4. Студиска програма по менаџмент во биотехниката | III семестар, задолжителен, претприемаштво и бизнис | / |
| 2.5. Студиска програма по фармерско производство | / | / |
| **3. ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| 3.1. Електротехнички отсек | | |
| - Студиска програма по електренергетски | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| системи | / | / |
| - Студиска програма по електротехника, | | |
| енергетика, автоматика | / | / |
| 3.2. Студиска програма по мехатроника | / | / |
| - Тригодишни студии | / | / |
| - Четиригодишни студии | / | / |
| 3.3. Машински отсек | / | / |
| - Студиска програма по машинство | / | / |
| - Студиска програма по инженерство за заштита | | |
| на животната и работната средина | / | / |
| - Студиска програма по енергетика и заштита | | |
| наживотната средина | Задолжителен | |
| 3.4. Студиска програма по ндустриски менаџмент | претприемаштво и мал | / |
| | бизнис | |
| | / | / |
| 3.5. Отсек за сообраќај и транспорт | / | / |
| - Студиска програма по сообраќајно | | |
| ттранспортни системи | / | / |
| - Студиска програма по сообраќајно транспортно | | |
| инженерство | / | / |
| - Студиска програма по сообраќајно транспортна | | |
| телематика | / | / |
| - Студиска програма по патен транспорт (3 | / | / |
| години) | Изборен предмет | |
| 3.6. Студиска програма по графичко инженерство | претприемништво и | / |
| 3.7. Студиска програма по ИТО | бизнис | |
| **4. ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| 4.1. Студиска програма по наставник во | / | / |
| одделенска настава | | |
| 4.2. Студиска програма по воспитувачи | / | / |
| 4.3. Студиска програма по Англиски јазик и | / | / |
| книжевност | / | / |
| 4.4. Студиска програма по преведување | / | / |
| 4.5. Студиска програма по социјалн и | | |
| рехабилитациска педагогија | Изборен предмет | / |
| 4.6. Студиска програма по ИТО | претприемништво и | |
| | бизнис, | |
| | претприемништво | |
| **5. ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ** | | |
| 5.1. Студиска програма по криминалност | / | / |
| 5.2. Студиска програма по безбедност | / | / |
| 5.3. Студиска програма по криминологија и | / | / |
| криминална политика | | |
| 5.4. Студиска програма по безбедност и | / | / |
| финансиска контрола | | |
| 5.5. Студиска програма по безбедност и | Нема податоци | Нема податоци |
| евроатлански интеграции | | |
| **6. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 6.1. Правни студии<br>6.2. Стручни правни студии | /<br>/ | /<br>/ |
| **7. ТЕХНИЧКО- ТЕХНОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**<br>7.1. Студиска програма по прехрамбена технологија и биотехнологија<br><br>7.2. Студиска програма по нутриционизам | VII семестар Претприемништво и мал бизнис, изборен<br>VII семестар Претприемништво и мал бизнис, изборен | /<br><br>/ |
| **8. ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА**<br>8.1. Студиска програма по општи медицински сестри<br>8.2. Студиска програма по медицински лаборанти<br>8.3. Студиска програма по физиотерапевт<br>8.4. Студиска програма за акушерки<br>8.5. Студиска програма по радиолошки технолог | Нема податоци<br>Нема податоци<br>/<br>/<br>/ | /<br>/<br>/<br>/<br>/ |
| **9. ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ**<br>9.1. Инттегрирани студии по ветеринарна медицина- доктор по ветеринарна медицина | / | / |
| **10. ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНУКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**<br>10.1. Информатички науки и комуникациско инженерство (4 годишни студии)<br>10.2. Информатика и компјутерска техника (3 години) | Изборен, претприемаштво<br>Изборен, претприемаштво | Социјално претприемништво |
| - На ниво на економски факултет, во рамките на студиските програми, се забележани изборни и задолжителни предмети од областа на менаџментот: менаџмент, интернет маркетинг, проектен менаџмент, маркетинг, стратешки маркетинг, финансиски менаџмент, инвестициски менаџмент, менаџмент на човечки ресурси, бренд менаџмент, банкарски менаџмент, економија на иновации, маркетинг и иновации, менаџмент на квалитет.<br>- Во рамките на факултетот за биотехнички науки, во рамките на студиските програми, се забележани предмети од областа на менаџментот и тоа:<br>- задолжителни предмети: маркетинг менаџмент, менаџмент на квалитетот, вовед во менаџментот, менаџмент на човечки ресурси, финансиски менаџмент, агробизнис менаџмент, менаџмент на фарми<br>- изборни предмети: менаџмент во агропрехрамбена индустрија, вовед во менаџмент, МЧР во агропрехрамбена индустрија, Претприемаштво и бизнис, менаџмент на индивидуални земјоделски стопанства, менаџмент во агропрехранбената индустрија, проектен менаџмент.<br>- Во рамките на техничкиот факултет во студиските програми се забележани задолжителни и изборни предмети од областа на менаџментот: вовед во менаџмент, маркетинг менаџмент во сообраќајот, менаџмент на квалитет, деловна комуникација, менаџмент на одржување<br>- Во рамките на педагошкиот факултет на студиската програма ИТО се забележани редмети од областна на менаџментот: професионална и деловна комуникација, вовед во менаџмент, организациско учење, менаџмент на образовна организација.<br>- Во рамките на технолошко- техничкиот факултет, на студуските програми се забележуваат предмети од областа на менаџментот: професионално и деловно комуницирање.<br>- Во рамките на ФИКТ се забележани предмети од областа на претприемништво и менаџмент на прв и втор циклус, како и постоење на Центар за бизнис и претприемништво. | | |

Во моментот во општина Битола преку проектот на УНДП, АВРМ имплементира програма за самовработување. Според податоците во територијалната дијагностика, услугата ја искористиле 80 лица од општина Битола. Преку оваа програма АВРМ го помага самовработувањето преку „претприемништво засновано на неопходност (потреба)“ (necessity entrepreneurship), односно претприемништво водено од потребите да се креира работно место. Останува простор да се работи во насока на поттикнување на „претприемништво засновано на можности“ (opportunity entrepreneurship). Меѓу овие два термини постои разлика од аспект на мотивите за започнување на бизнис. Основната динстинкција е дека некои претприемачи креираат бизниси кога тие гледаат бизнис можности, додека другите претприемачи се принудени да формираат бизнис заради неопходност, потреба, како резултат на недостаток на други опции на пазарот на труд.

## 4. ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Денес, слободно може да се каже дека ова е ера на претприемачите. Никогаш порано толку многу луѓе не го оствариле тој голем сон, да имаат свој сопствен бизнис. Податоците од Глобалното истражување за претприемништво (Global Entrepreneurship Monitor) покажуваат дека во Република Северна Македонија најголем број од новите бизниси се отвораат од „неопходнот“, а не од „идентификувана можност“.[5]

Претприемачи- станува збор за луѓе кои покажуваат ентузијазам, добрите, потенцијални идеи да ги трансформираат во успешна бизнис приказна. Тие се клучот на просперитетна економија. Еден од најважните приоритети на општините во Пелагонискиот регион е да се стимулира желбата кај невработените да станат претприемачи, бидејќи тие се економската ДНК која е потребна за да се изгради иновативноста и конкурентноста на државата. Создавањето на претприемачи е еден од главните чинители во создавањето на претприемачкото општество. Но, притоа особено е важен фактот, општините да дадат голема поддршка во развојот на претприемништвото, поради тоа што поседува човечки капитал кој што го прифаќа претприемачкото однесување. Во последно време, многу се зборува за претприемачите и претприемништвото како глобален феномен. Но, најголем дел од истражувањата покажуваат дека претприемачите се најважните актери во претприемачкиот процес. Се поставува прашањето, дали ги знаеме кои се тие луѓе и што треба да прават? По што се

[5] Necessity- македонскиот превод е неопходност, нужност, потреба. Поединецот се одлучува за отворање на сопствен бизнис поради неможност да најде работа и отворањето на сопствен бизнис го гледа само како можност да преживее.
Opportunity- македонскиот превод е можност. Станува збор за идентификувана можност на пазарот од страна на поединци кои се невработени и/или вработени па сакаат да растат и да се развиваат преку отворање на сопствен бизнис.

слични и по што се разликуваат? Претприемачите може да се карактеризираат како личности кои се подготвени да преземаат личен ризик, да воведуваат нови идеи и технологии како и да преземаат нови, профитно насочени економски активности. Претприемачот е иноватор, кој во новото гледа предизвик и добивка. Претприемачот вложува капитал и време, вработува други луѓе, осмислува деловни проекти, ги реализира и контролира, за да на крај оствари добивка. Претприемништвото како развоен модалитет на насочување и регулација на заедничкото работење има различни функции и тоа:[6]

- Да создава визија за развој на бизнисот и да креира идеија за иднината;
- Да донесува квалитетни одлуки за управување во врска со бизнисот;
- Да ги задоволува купувачите и да креира нови потреби;
- Да ги комбинира и алоцира ресурсите поради поголема успешност;
- Да дизајнира оптимална организациска поставеност на бизнисот;
- Да врши креативна деструкција, како нова парадигма во бизнисот;

Претприемништвото се јавува како важен развоен ресурс, чија главна улога е постојано иновирање. Функцијата на претприемништвото е да ги обедини способностите на предвидување на пазарните и технолошки промени, прифаќање на ризикот при инвестирање и иновирање. Значи, претприемачите се личности кои имаат способности, без разлика на тоа дали се вродени или научени, знаење и одлучност и потреба да ги реализираат идеите, верувајќи во нивиот успех и неплашејќи се од неуспехот. Тоа го прават поради оправдани, легитимни желби да остварат материјална добивка, но и други цели како што се самодокажување, углед, моќ, филантропија и др. Како основна претпроставка за успешно претприемништво е да се создадат услови за добар старт на деловниот успех. Иако се верува дека од добриот старт зависи целокупниот понатамошен претприемачки процес, вистинскиот претприемач нема да се поколеба и да се откажи. Тоа значи, дека за успех за потребна синергија (**син**хронизирана ен**ергија**) на личните својства и условите во опкружувањето.

Младите луѓе од 18-29 години, младите Роми од 18-29 години, младите невработени кои не се во образование и обука (NEET), жените, самохраните родители се социјални групи кои според своите транзициски обележја но, и движење во рамките на пазарот на труд се наоѓаат во многу неповолна положба, а таквата положба може да се поправи преку нивно претприемачко активирање. Во последно време на претприемништвото сé повеќе се гледа дека може да биде генератор на развој кој ќе ги искористи иновативните потенцијали кои постојат во претходно наведените слоеви на популација, што значи претприемништвото станува сé повеќе поврзано со работата на пазарот и можностите за зголемување на социјалната кохезија по пат на

[6] Slobodan Pokrajac, Dragica Tomic, Preduzetnici kao klucni cinioci stvaranja preduzetnickog drustva, Naucnostrucni casopis, Skola biznisa, pristapeno od: http://www.vps.ns.ac.rs/SB/2009/2.1.pdf, strana 1-13

самовработување на ранливите категории. Заправо, младите претставуваат група која по својата природа е иновативна, динамична и отворена за нови општествени и технолошки промени и по пат на претприемачко делување може делумно да се ублажат негативните влијанија ги има глобализацијата врз положбата на младите на пазарот на труд и како последица се појавува нивно маргинализирање.

Во истражувањето се поставува прашањето кои се основните мотиви што ги поттикнуваат поединците да се вклучат во претприемачкиот процес? Дали се водени од потребите и/или можностите? За да се направи разлика меѓу претприемачите водени од „потребите“ и/или од „можностите“ се тргнува од нивниот статус. Ситуацијата со невработеноста може да ги стимулира поединците да започнат нов, сопствен бизнис. Во основа лежат мотивите кои ќе ги поттикнат поединците да влезат во претприемачките води. Претприемачите водени од потребата при започнувањето нов бизнис се оние кои се соочуваат со губење на работата, незадоволство од моменталната ситуација или позиција во која се наоѓаат или недостаток на кариерни можности. Кој е претприемачот воден од потребата? Станува збор за поединец кој започнува бизнис бидејќи нема други подобри опции за работа, а не го гледа започнувањето бизнис како можност. А кој е претприемач воден од можностите? Станува збор за индивидуалци кои почнуваат бизнис како потенцијална кариерна опција бидејќи тие забележуваат неискористени бизнис можности на пазарот, со планирана стратегија.

Проблемскиот фокус во ситуационата анализа се однесува на идентификување на мотивите и начините на мотивирање за започнување на старт-ап од страна на невработените од ранливите категории на граѓани во Пелагонискиот регион.

Затоа, преку изработка на ситуациона анализа, која вклучува истражување, а спроведена на ниво на општина Битола, треба да се идентификуваат специфичните потреби и проблеми со кои континуирано се соочуват ранливите категории на граѓани, за нивна полесна интеграција на пазарот на труд.

Стапката на популација на младите кои не се вработени ниту пак се во образование или обука (т.н. NEET стапка) е релативно нов показател но, и бележи тенденција на зголемување. Несомнено е дека се повеќе добива на значење од страна на меѓународните организации и медиумите. Популарноста на концептот NEET е поврзан со потенцијалот да се решат бројните предизвици со кои се соочуваат младите, што ги прават ранлива категорија, како што се прашањата со невработеноста, предвременото напуштање на училиштето и обесхрабреноста да бидат конкурентни на пазарот на труд. Сите овие прашања предизвикуваат големо внимание бидејќи младите луѓе ги чувствуваат последиците. За разлика од невработеноста или вработувањето не постои меѓународен стандард за дефинирање на NEET. Eurostat, ILO и други организации ја имаат усвоено следната дефиниција за NEET: процент од популацијата на одредена група и пол кои се невработени и не се вклучени во образование и обука. OECD за

групата NEET ја дава следната интерпретација:[7] „да се има мал број на индивидуалци кои не се вработени, ниту се во образование или обука е знак на здрав премин од училиште на работа". ILO исто така има свој став за NEET групата: „високата стапка на NEET групата во споредба со стапката на невработеност кај младите може да значи дека голем број на млади се обесхрабрени работници или немаат пристап до образование или обука. Бидејќи тие ниту ја подобруваат нивната идна сопственост за вработување преку инвестирање во вештини, ниту стекнуваат искуство преку вработување, NEET се особено изложени на ризик, од страна на пазарот на труд. Се поставува прашањето кој дел од NEET е обесхрабрена младина? Обесхрабрени ссе дефинираат младите кои се откажале од барање на работа од причини што имплицираат со чувство на очај кон пазарот на труд. Обесхрабрената младина е без работа и не се достапни за работа и не бараат работа од следните причини:

- Не знаат каде да бараат работа;
- Неможност да најдат работа соодветна на нивните вештини;
- Претходните обиди за барање на работа не довеле до резултати;
- Се чувствуваат премногу млади за да најдат работа;
- Чувството дека  нема доволно слободни места во областа;

Дали статусот на NEET и невработеноста се исти? Технички одговорот е да. Првата подкатегорија на NEET се „оние кои не работат", т.е. невработени. Но, „не во образование или обука" (неактивни студенти), може исто така може да се разгледува како форма на исклучување.

## 5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД СПРОВЕДЕНО ИНТЕРВЈУ

Во ситуација на висока стапка на невработеност, младите луѓе кои го бараат своето прво вработување се наоѓаат во понеповолна ситуација на пазарот на труд, каде поради недостигот на професионално искуство се помалку конкурентни од останатите баратели на работа. Факт е дека младите се соочуваат со долги периоди на барање на работа. Долгиот период на чекање на првото вработување резултира со намалување и губење на вештините но, и самодовербата во сопствените способности. Невработеноста кај младите значи и загуба на инвестиции во образованието. Имено, неискористувањето на потенцијалот на младите не ги вклучува само оние млади кои не работат и не се во образование (NEET), туку и жените, младите Роми и општо младите. Тоа резултира со неможност целосно да го искористат својот економски потенцијал и води кон нивна социјална исклученост односно, маргинализација.

[7] What doesn NEETs mean and why is the concept so easily misinterpreted? International Labour Office, Technical Brief No. 1

Основните истражувачки прашања за кои треба да се најде одговор, врз основа на истражувањето се следните:

- ✓ Кои се основните ставови на припадниците на ранливите категории на граѓани за започнување на сопствен бизнис?
- ✓ Какви знаења имаат припадниците на ранливите категории на граѓани од областа на претприемништвото и малиот бизнис?
- ✓ Кои вештини и компетенции им се потребни на припадниците на ранливите категории на граѓани да започнат свој сопствен бизнис?

Во тој контекст, направено е интервју со таргет групите со цел да се идентификуваат нивните потреби и да се најдат соодветни решенија за нивна полесна интеграција на пазарот на труд.

## 5.1. АНАЛИТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ОД ИНТЕРВЈУ НА МЛАДИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ОД 18-29 ГОДИНИ

Младоста претставува еден од клучните периоди во животот кога младите луѓе започнуваат со реализација на своите соништа, ја стекнуваат својата економска независност и го наоѓаат своето место во општеството. Но, оваа група на млади лица се карактеризира со ранливост од аспект на работните места, што резултира со нивна маргинализација. Со цел да се идентификуваат нивните ставови, потреби и мотиви за вработување и/или пак предиспозиции за отворање на сопствен бизнис, направено е длабинско интервју на оваа таргет група. Прашањата кои се опфатени во структуираното интервју вклучуваат прашања кои се однесуваат на демографските карактеристики на испитаниците, искуство со вработување, обука и образование, причини за неактивност на пазарот на труд, секојдневни навики и персонални релации, како и ставови и размислувања за претприемништвото. На графиконот 1 е даден преглед на полот на испитаниците од таргет групата млади невработени од 18-29 години.




**Графикон 1. Пол на испитаниците од таргет група млади невработени од 18-29 години**

Од графиконот 1 може да се забележи доминантност на машки пол од испитаниците кои беа избрани по случаен избор и се застапени со 71%, додека испитаници од женски пол се застапени со 29%.
Графиконот 2 ја покажува структурата на возраста на испитаниците.




**Графикон 2. Возраст на испитаниците од таргет група млади невработени од 18-29 години**

Графиконот 2 покажува дека најголем процент 72% од испитаниците се на вораст од 20-25 години.

Од аспект на нивото на образование, училиштето и успехот, добиените податоци од младите невработени лица на возраст од 18-29 години се дадени во табелата 16 што следи.

**Табела 16. Преглед на нивото на образование, училиште/факултет и успехот на младите невработени од 18-29 години**

| Бр. | Испитаници | Ниво на образование | Училиште/Факултет | Успех/Просек |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Испитаник 1 | Факултет | ФИКТ | 7,2 |
| 2. | Испитаник 2 | Факултет | ФИКТ | 8,7 |
| 3. | Испитаник 3 | Факултет | ФИКТ | 6,1 |
| 4. | Испитаник 4 | Средно образование | Економско | Многу добар |
| 5. | Испитаник 5 | Средно образование | Економско | Многу добар |
| 6. | Испитаник 6 | Средно образование | Гимназија | Многу добар |
| 7. | Испитаник 7 | Средно образование | Техничко | Многу добар |

Од аспект на однесувањето за време на школувањето и нивното искуство на училиште, значајно е да се напомене дека ниту еден од вклучените испитаници не се изјасни дека имал било какви проблеми со учениците или наставниците или пак, дека имал проблеми со девијантно однесување. Нивното искуство на училиште го опишуваат како пријатно, со убави спомени кои ќе ги паметат, каде се стекнале со определено ниво на знаења но, она што им недостасува за време на средното образование или факултетот е практичната настава. Испитаниците кои се на факултет се изјаснуваат дека имаат реализирано практична настава и дека истата треба да трае подолг временски период. Испитаниците кои се со средно образование (57%) истакнуваат дека не го продолжиле своето образование поради: незаинтересираност да продолжат да учат, неможност да продолжат да учат, наповолна финансиска состојба.

Значајно е да се спомене дека испитаниците кои се запишани на факултет не се пријавуваат во Агенцијата за вработување, бидејќи сметаат дека сега нема потреба да се пријавуваат поради нивното школување на факултет. Исто така сметаат дека за нив е подобро да се пријавуваат со завршено високо образование бидејќи на тој начин побрзо ќе најдат работа. Некои сметаат дека додека студираат немаат потреба да се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

Анализата на прашањето што треба да направи Агенцијата за вработување за да ги мотивира испитаниците да се пријавуваат како активни баратели на работа, најголем дел од испитаниците 71,4% се согласуваат дека тоа треба да се направи со нивна едукација од страна на АВРРСМ за да ги знаат можностите што ги нудат. Односно, преку информативни сесии, презентации, работилници и сл. младите треба да се запознаат какви можности имаат за нивно вработување/самовработување, практична работа, едукација и доедукација.

Едно од прашањата на кое испитаниците ги дадоа своите одговори беше прашањето за нивните животни цели и што тие мислат за вработувањето. Структурата на дадените одговори од страна на испитаниците се прикажани на графиконот 3.




**Графикон 3. Основни животни цели на испитаниците**

Од графиконот 3 јасно се гледа дека основните животни цели на испитаниците се да имаат квалитетна работа (100%) и да имаат успех во работата (72,8%). Но, не се занемарува ниту семејниот живот, како и да имаат пристоен живот. Но, факт е дека дел од испитаниците сакаат да заработат многу пари (45%). Значајни се сознанијата дека основната цел на испитаниците е да имаат работа, бидејќи сметаат дека работата ќе овозможи да имаат подобар и поквалитетен живот. Од аспект на мислењето на вработувањето младите сметаат дека работата е особено важен и значаен аспект во нивниот живот, бидејќи од работата зависи нивната иднина. Тоа значи дека работата ќе им овозможи финансии кои понатаму ќе можат да им користат да се средат во семејниот живот, да го решат станбеното прашање, да одат на патувања и сл. односно, работата претставува основа за поквалитетен и поубав живот во иднина.

Сите испитаници се согласуваат дека добиваат информации за отворени работни места. Најчесто ги добиваат преку „родителите, пријателите", „социјалните мрежи", „партијата". Но, информациите за отворени работни места би сакале да ги добиваат на маил, преку телефон или лично да бидат контактирани од страна на Агенцијата за вработување. Тие одат се пријавуваат во Агенцијата за вработување но, многу ретко добиваат информации за отворени работни места на кои би можеле да аплицираат.

На прашањето дали се соочуваат со проблеми при вработувањето, значајно е да се спомене дека испитаниците кои се студенти досега немале никакво искуство со вработување, додека испитаниците кои се со средно образование најчесто се соочуваат со следните проблеми: „партиски врски и вработувања", „недоволно вештини со кои ќе

бидат соодветни на работното место“, „голема конкуренција“, „наместени вработувања“. Таквите проблеми ги демотивираат да продолжат со активно барање на работа и на тој начин се приморани наместо да се обратат во надлежните институции за помош да бараат алтернативни начини на вработување. И сето тоа ги демотивира дека ќе најдат пристојна и квалитетна работа. Јасно им е за бирократската и пасивна улога на Агенцијата за вработување и најчесто одат само да се пријават без очекувања дека ќе им биде најдена работа, бидејќи знаат дека не се само тие што немаат работа. Но, апелираат дека Агенцијата за вработување треба да има клучна и активна улога кога станува збор за вработување на младите луѓе.

Од аспект на работното искуство, дел од испитаниците (57,1%) имаат „некакво“ работно искуство кое било сезонско, краткорочно и не било соодветно со нивното образование. Тие биле приморани да работат било што само да дојдат до одреден извор на финансии за да не им бидат терет на родителите. Додека 42,9% од испитаниците немаат никакво работно искуство бидејќи немаат време кога да работат како резултат на обврските што им ги наметнува студирањето. Некои од испитаниците се согласуваат дека е рано да бараат работа, бидејќи има време да работат многу години во животот, чувствувајќи дека сеуште се млади.

Од аспект на чувствата дека се невработени, испитаниците дадоа свои видувања во согласност со нивната ситуација. Некои од испитаниците истакнуваат дека „не се чувствуваат никако“, додека некои од испитаниците „понекогаш се чувствуваат бескорисно“, „без излез, не знаат што да прават“, „се срамат дека се без работа“, додека некои од испитаниците немаат конкретни одговори, едноставно „креваат раменици“, бидејќи не сакаат да коментираат околу тоа.

Во однос на причините зпшто не работат, дистрибуцијата на одговорите од страна на испитаниците се прикажани на графиконот 4.



**Графикон 4. Причини зошто младите не бараат работа**

Најчестите причини зошто младите не бараат работа се: „немање на соодветно образование“, „неуспех при барањето на работа“, “недостапност на работни места“, причини со кои се согласуваат 57,1% од испитаниците, додека 42,9% од испитаниците како причини ги наведуваат дека се: „сеуште млади“ и дека „студираат“.
На прашањето како треба да се мотивираат младите да работат, најчести одговори беа: „преку едукација“, „преку нивно вклучување во проекти“, „преку нивно информирање“, „давање на еднакви можности за сите“, „достапност на програми“, „платформи за работа“, „мрежи на невработени млади лица“, „инфо клубови каде што ќе може да се информираат“ и сл.
Од аспект на обуките сите испитаници се изјаснија дека досега не посетувале никакви обуки но, би сакале да посетуваат обуки од различни области каде што ќе може да стекнат нови знаења. Сакаат да посетуваат обуки за ИТ технологии, менаџмент, креативност, финансии, претприемништво но, и обуки во странство. Исто така, треба да се спомене дека испитаниците сметаат дека обуки може да најдат во невладините организации. Од аспект на информации за обуки сакаат да добиваат информации на маил или на телефон.
На прашањето дали имаат размислувано за отоврање на свој сопствен бизнис, само 28,5% од испитаниците размислувале за тоа. Но, не знаат како да го направат тоа. Исто така не знаат каде може да се стекнат со знаења и вештини за отворање на сопствен бизнис. Но, во секој случај сметаат дека Интернетот е значаен ресурс за нив и може да најдат се што им треба. Но, од институционален аспект не знаат каде да се обратат. И што се однесува до мерките и програмите за вработување од АВРСМ имаат слушнато но, ништо конкретно не се запознати и не се сигурни дали и како функционираат истите. Знаат дека информации може да најдат на Интернет.

## 5.2. АНАЛИТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ОД ИНТЕРВЈУ НА МЛАДИ НЕВРАБОТЕНИ РОМИ ОД 18-29 ГОДИНИ

Еден од основните предизвици со кои се соочува општина Битола, во однос на младите Роми е да се создадат услови за зголемување на нивната интегрираност на пазарот на труд како лица кои припаѓаат на ризична група на граѓани кои се сиромашни и социјално исклучени. Во таа смила, добиените податоци од интервјуто со млади невработени Роми од 18-29 години се презентирани во оваа точка.
Добиените податоци од полот и возраста на вклучените испитаници се прикажани на графиконите 5 и 6.




**Графикон 5. Пол на испитаниците**




**Графикон 6. Возраст на испитаниците**

Од графиконот 5 може да се види дека структурата на полот на испитаниците е 57% испитаници од женски пол и 43% на испитаници од машки пол. Во оваа таргет група јасно е дека доминира женската популација. Од аспект на возраста може да се види дека најголем процент од испитаниците се на возраст од 25-29 години, додека најмал процент на испитаниците се на возраст од 18-20 години.

Нивото на образование, училиштето/ факултетот и успехот/ просекот се дадени во табелата 17.

**Табела 17. Преглед на нивото на образование, училиште/факултет и успехот на младите невработени Роми од 18-29 години**

| Бр. | Испитаници | Ниво на образование | Училиште/Факултет | Успех/Просек |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Испитаник 1 | Факултет | Економски | 8 |
| 2. | Испитаник 2 | Средно образование | Стопанско | Доволен |
| 3. | Испитаник 3 | Средно образование | Стопанско | Добар |
| 4. | Испитаник 4 | Средно образование | Стопанско | Добар |
| 5. | Испитаник 5 | Средно образование | Стопанско | Добар |
| 6. | Испитаник 6 | Средно образование | Стопанско | Доволен |
| 7. | Испитаник 7 | Средно образование | Стопанско | Доволен |

Од вкупниот број на испитаници кои беа вклучени во интервјуто 14,2% се студенти, за разлика од останатите 85,7% кои се со завршено средно образование. Во оваа група на испитаници доминираат испитаници со завршено средно образование. Од аспект на постигнатиот успех кај испитаниците вклучени во интервјуто доминира доволен и добар успех, додека кај испитаникот запишан на факултет доминира просекот 8. Од аспект на искуството на училиште, генерално испитаниците немаат некои посебни проблеми кои би можеле да им попречат во текот на школувањето, освен некои мали несогласувања со врсниците дека припаѓаат на ромската популација. Причините на 85% од испитаниците кои не се запишале на факултет, од нив беше побарано да ги наведат зошто. На тоа прашање најголем дел од испитаниците се изјаснија дека „немаат доволно знаења да се запишат на факултет", „тоа е многу далечно за нив", „одвај завршиле средно образование, па не им паѓа на памет", "не може да се снајдат и нема да може да положат", „нема да ги примат да студираат", „немаат пари за тоа", „треба да работат, за да го прехранат семејството". Во секој случај, врз основа на овие добиени сознанија може да се забележи отсуство на амбиција кај нив за зголемување на знаењата. Едукацијата на оваа таргет група е навистина слаба страна, и во иднина треба да се работи на поттигнување и зајакнување на нивните капацитети за да може мал дел од нив да го продолжат своето школување во формалното или неформалното образование. Станува збор за група која е оставена на милост и немилост на улицата и уличните случувања. На прашањето кои се нивните животни цели, структурата на добиените одговори е прикажана на графикон 7.




**Графикон 7. Основни животни цели на младите невработени Роми на возраст од 18-29 години**

Од добиените податоци прикажани на графиконот 7 јасно може да се види дека сите испитаници се согласуваат дека нивната основна животна цел да имаат семејство и да бидат работа. Сметаат дека работата за нив треба да биде пристојна во смисла што ќе имаат добри услови и плата со која ќе можат да го издржуваат семејството и нема да живеат во сиромаштија. Работата ја гледаат како излез од сиромаштијата но, само 14,2% од испитаниците сакаат да успеат во работата.

Значајно е сознанието дека сите испитаници кои се вклучени во интервјуто се пријавуваат во Агенцијата за вработување, дел од нив се пријавуваат по налог на Социјални грижи, додека само испитаникот кој студира не се пријавува во Агенција за вработување, како резултат на студирањето. Имено, за Агенцијата за вработување сметаат дека има задача да им помогне околу вработувањето, но не го прави тоа, или пак им нуди најтешки работи за нив. Заинтересираноста на Агенцијата за вработување за ромската популација е на најниско ниво, при што може да се забележи дека најголем процент од нив се невработени. Тие сакаат Агенцијата да ги мотивира на начин што ќе им ги презентира можностите каде би можеле да работат, дали има некоја помош и олеснување за нивно вработување, каде нема да бидат маргинализирани и навредувани. Најчесто информациите сакаат да ги добиваат преку социјалните мрежи (Facebook, Instragram и сл.), каде се најактивни. Нема да им пречи некои информации да ги добиваат преку Здруженијата за Роми, бидејќи често пати се случува да бидат контактирани од нивна страна за да дознаат што ги мачи, дали им треба нешто, или да

им дадат некоја донација. На графиконот 8 се прикажани причините зошто младите невработени Роми на возраст од 18-29 години не се во работен однос.




**Графикон 8. Причини за неработење на младите Роми на возраст од 18-29 години**

Во однос на проблемите со кои се соочуваат најчести проблеми се: „навреди дека припаѓаат на Ромите“, „неможност да дојдат до интервју“, „партиски врски“, „пријатели“, додека некои воопшто не ни имале можност да стигнат до работа. Кога се работи за нивното искуство, најчесто тие работат чистење, мајстори, малтерисување, кнауф, во кујна, берење пиперки, печурки и сл. Факт е дека често се чувствуваат несакани и бескорисни за општината и постојано бараат помош од нивните роднини во странство за да може да ги повлечат и да работат таму.

Од аспект на причините зошто не работат и се невработени структурата на дистрибуираните одговори се: 14,2% што е најмал процент е наведена причината дека студираат, 42,8% како причини наведуваат немањето на образование, нема работа дека се Роми и мора да се грижат за семејството. 28,5% како причина ја наведуваат грижата за семејството и дека нивните мажи работат. Станува збор за неактивни млади Роми, како и пасивни баратели на работа. 57,2% не знаат каде да работат. Добиените податоци од оваа таргет група покажуваат значајно ниво на збунетост и конфузија кај оваа група во однос на работата и во овој дел треба да се направат одредени интервенции како би можеле да се расчистат сите дилеми по однос на ова прашање. Ваквото размислување може да води до нивно обесхрабрување, што ќе резултира со нивно откажување од барање на работа и институционалната поддршка и се потенцијални поединци кои би можеле да припаѓаат во групата NEET.

Во однос на мотивацијата како треба да се мотивирани да почнат да работат, испитаниците значајна доверба покажуваат кон нивните претставници од невладиниот сектор, наведувајќи ги „Сумнал“ и „Баирска светлина„ кои во изминатиот период покажале грижа и заинтересираност за нив и нивната ситуација и дека немаат конкретно на каков начин би биле мотивирани. Само мал дел од испитаниците истакнуваат дека сами се мотивираат да најдат работа, обраќајќи се кај различни познаници. Единствен начин на мотивација е преку проектни активности кои се преземаат од страна на здруженијата за Роми.

Во однос на обуките, најголем дел немаат посетувано обуки, освен некои волонтерски активности за помош на здруженијата кога има одредени донации за Ромите. Само 14,2% што е мал дел посетувале обуки од областа на менаџментот, финансии па дури и обука во странство од програмата Erasmus. Во однос на обуките знаат дека здруженијата за Роми нудат обуки, но, би сакале да имаат обуки како да најдат работа, како да се претставаат пред работодавачите, како да се однесуваат кога бараат работа, како да комуницираат со луѓето, како да заштедат и да заработат пари.

Што се однесува до отворањето на сопствен бизнис само 28,5% од испитаниците се изјаснуваат за отворање на бизнис, но не поседуваат никакви вештини за отворање и менаџирање со бизнис и не знаат како да го направат тоа. Повторно ако им треба нешто тие можат да се обратат во здруженијата па тие ќе ги упатат каде и што треба да направат. Во однос на мерките и програмите од АВРСМ имаат слушнато но, не знаат ништо конкретно околу тоа и информации за тие мерки може да добијат само во Агенцијата за вработување.

## 5.3. АНАЛИТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ОД ИНТЕРВЈУ НА МЛАДИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ОБУКА (NEET)

Фокусот на NEET го нагласува проблемот на „неактивна младина“, заедно со младите невработени лица кое сé повеќе го привлекуваат вниманието на креаторите на јавните политики. Привлечно е користењето на акронимот NEET поврзан со фактот дека потенцијалната, ранлива младина ја става под еден наслов и еден индикатор. Како и да е станува збор за невработени млади лица кои не се во образование и обука. Но, се наметнува потребата од распределба по групи (невработени, обесхрабрени, неактвини, без образование, кои не се пријавуваат во агенција за вработување и сл.) што дозволуваат да се разберат причините за таква класификација и дизајнирање на политики за нивно решавање. Ваквата таргет група е идентификувана на ниво на општина Битола, но се наметнува потребата од теренска работа со цел да се идентификува нивната точна бројка, бидејќи тие млади лица кои се невработени, без

образование или обука, едноставно не се видливи и институционално не постојат. Од аспект на напорите да се реши проблемот со младинската невработеност, значајна категорија која е на маргините на опстојувањето е оваа категорија на млади лица.

Добиените податоци за структурата на полот и возраста на NEET групата на ниво на општина Битола се прикажани во графиконот 9 и 10 што следат.




**Графикон 9. Пол на невработените млади без образование и Обука (NEET група)**

Од добиените податоци за структурата на полот на NEET групата, од графиконот 9 може да се види дека 67% се од машки пол, додека 33% се од женски пол. Во овој случај, доминира машката популација. Структурата на возраста е прикажана на графиконот 10.



**Графикон 10. Возраст на невработените млади без образование и обука (NEET група)**

Што се однесува до структурата на возраста, евидентно е дека најголем процент од 67% од младите се на возраст од 18-20 години, додека мал процент се на возраст од 21-24 години и 25-29 години.

Нивото на образование, училиштето/ факултетот и успехот/ просекот се прикажани во табелата 18.

**Табела 18. Преглед на нивото на образование, училиште/факултет и успехот на младите невработени без образование или обука (NEET)**

| Бр. | Испитаници | Ниво на образование | Училиште/Факултет | Успех/Просек |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Испитаник 1 | Средно образование | Медицинско | Многу добар |
| 2. | Испитаник 2 | Средно образование | Медицинско | Многу добар |
| 3. | Испитаник 3 | Средно образование | Гимназија | Многу добар |
| 4. | Испитаник 4 | Средно образование | Гимназија | Многу добар |
| 5. | Испитаник 5 | Средно образование | Гимназија | Многу добар |
| 6. | Испитаник 6 | Средно образование | Економско | Многу добар |

Од добиените податоци јасно се гледа дека испитаниците се со средно образование. Ниту еден од испитаниците не е запишан на факултет, ниту е вработен. Интересен е податокот дека сите испитаници во средното образование се со многу добар успех. Некои од испитаниците истакнуваат дека имаат желба да се запишат на факултет, чекајќи ги уписите. Генерален заклучок е дека испитаниците имаат убаво искуство во текот на учењето во средно училиште, и ниту еден од нив немал лошо искуство или пак проблеми со наставниците или учениците.

На прашањето кои се причините зошто не се пријавуваат во Агенцијата за вработување испитаниците ги даваат следните образложенија: „не барам работа“, „нема потреба од пријавување“, „можеби ќе се запишам на факултет“, „родителите ќе ми најдат работа, немам потреба од пријавување во Агенција за вработување“, „што ако ќе се пријавам, тие нема да ми најдат работа“.

Од аспект на прашањето, како да ги мотивира АВРСМ да се пријавуваат како активни баратели на работа не се добиени конкретни одговори, бидејќи испитаниците немаат големи познавања што и во кој домен работи Агенцијата за вработување. Од аспект на информациите за работа тие сметаат дека најчесто може да ги добијат преку „познанства“, “партиски и роднински врски„ или пак „сами ќе се снајдат“. Вработувањето и проблемите со кои се соочуваат се структуирани на следниот начин: 33% од испитаниците сметаат дека сеуште не им треба работа, бидејќи се чувствуваат уште млади, но и дека иднината ја гледаат надвор од државата. Исто така 34% од

испитаниците сметаат дека ќе почнат да размислуваат да се запишат на факултет, бидејќи на таков начин ќе им се отворат повеќе можности. 33% од испитаниците сметаат дека е најдобро да се реализираат во започнување на сопствен бизнис, бидејќи на таков начин ќе може да си го подобрат квалитетот на нивниот живот. Што се однесува до работното искуство само 50% од испитаниците имаат работно искуство но, многу краток временски период или сезонска работа: берење печурки или мајсторување со родителите кога ќе им треба помош.

На прашањето кои се нивните животни цели добиените одговори се прикажани на графиконот 11.

Како основни животни цели ги наведуваат: семејство и работа, работа во согласност со родителите, живеење и работа во странство, бизнис и многу пари.




**Графикон 11. Основни животни цели на невработените млади без образование и обука (NEET група)**

Од податоците добиени во графиконот 11 може да се види дека основни животни цели на испитаниците во најголем дел се работа во согласност со образованието, семејство и работа, со што се согласуваат 67% од испитаниците, додека 17% сметаат дека нивната животна цел е живеење и работа во странство, како и 34% од испитаниците сакаат да имаат бизнис и многу пари. Од аспект на прашањето како се чувствуваат без работа, испитаниците истакнуваат дека кај нив не се јавува чувство на бескорисност или неубави чувства бидејќи го чекаат вистинскиот момент за да може да постигнат многу. Немаат некоја посебна мотивација да работат засега, бидејќи тие се единствените кои сами треба да се мотивираат дека треба да почнат да работат. Од аспект на мотивацијата најчесто ќе ги мотивираат нивните најблиски. Но, едукацијата и учењето

на факултет за нив може најмногу да помогнат. Конкретни одговори за начини на мотивација не се предложени од нивна страна. Интересен е податокот дека во нивните размислувања постои терминот образование и едукација но, немаат големи познавања и сознанија што тоа конкретно значи и како тоа може да влијае во нивниот живот. Во овој дел се наметнува потребата од интервенции во „периодот на премин од образование во пазарот на труд„, како и интервенции од страна на надлежните институции за информирање на учениците за тоа што значи, со кои проблеми и како треба да се справат со проблемите кои ќе се појават во преминот од образование на пазарот на труд. Евидентно е дека кај испитаниците стекнатите знаења се површни, без да постои длабоко размислување за суштинските проблеми. Ако се истражува и има во предвид нивната семејна ситуација, што во случајот не беше предмет на истражување можеби ќе може во одредена мера да се идентификуваат можните причини и последици за ваквиот индиферентен однос спрема институциите.

Добиените одговори за причините за небарање на работа од страна на младите невработени лица без образование и обука се прикажани на графиконот 12 што следи.




**Графикон 12. Причини за небарање работа од страна на невработените млади без образование и обука (NEET група)**

Идентификувањето на причините зошто не работат ги вклучува следните добиени одговори: „сакаат да завршат факултет“, „имаат други планови“, „сеуште не им треба работа“, „родителите ќе им најдат работа“, „едноставно не бараат работа без некоја посебна причина“ и сл.

Одреден аспект на прашањата во интервјуто содржи прашања за обука. Мал дел од испитаниците (17%) имаат посетувано обука, додека останатите (83%) немале посетувано обука, ниту пак имаат познавање што значи тоа обука и зошто служи

истата. Одреден дел од испитаниците обуката ја изедначија со студирањето на факултет. Но, сите покажуваат интерес да слушаат обуки но, не дадоа конкретни предлози за какви обуки се заинтересирани. Исто така, покажаа интерес за добивање на информации за обуки на маил, на телефон или на социјалните мрежи но не знаат каде да се обратат за да добијат било каква обука.

Отворањето на сопствен бизнис беше особено интересно и примамливо. Но, тие немаат никакви знаења ниту пак вештини за отворање и водење на сопствен бизнис. Во иднина дел од нив 50% се гледаат како сопственици на бизнис но, она што ги демотивира е финансискиот аспект односно, каде да најдат пари и грантови. Сметаат дека основно е за нив при отворањето на бизнис се доволни само финансии а идеи за бизнис имаат во голем број. Но, дали и како да се открие потенцијалот на идеите, тие едноставно креваат раменици, потврдувајќи дека со пари сé се решава. Исто така, немаат никакви вештини за водење на сопствен бизнис ниту пак знаат каде треба да се обратат. Интересно е тоа што имаат слушнато за Агенцијата за вработување но, немаат никакви детални информации како би можела истата да им помогне во процесот на барање на работа, ниту пак имаат слушнато за мерките и програмите за вработување и самовработување. Ако нешто ги интересира во тој дел може да се информираат на Интернет.

## 5.4. АНАЛИТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ОД ИНТЕРВЈУ НА ЖЕНИ

Во последните години сé повеќе се забележува активноста на жените во голем дел од сферите на живеење и работење. Едно од најактуелните прашања денес е женското претприемништво, како еден од моделите за намалување на невработеноста. Од аспект на полот, јасно е дека во интервјуто беа вклучени само жени.

Од аспект на возраста добиените резултати се прикажани на графиконот 13.




**Графикон 13. Возраст на испитаниците жени**

Од графиконот 13 јасно се гледа дека најголем процент од жените се млади на возраст од 18-29 години (57%), но, исто така се вклучени жени на возраст од 30- 40 години и на возраст од 41-49 години. Од аспект на нивото на образование, структурата е дадена во табелата 19.

**Табела 19. Преглед на нивото на образование, училиште/факултет и успехот на жените**

| Бр. | Испитаници | Ниво на образование | Училиште/Факултет | Успех/Просек |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Испитаник 1 | Средно образование | Медицинско | Многу добар |
| 2. | Испитаник 2 | Средно образование | Медицинско | Многу добар |
| 3. | Испитаник 3 | Средно образование | Гимназија | Многу добар |
| 4. | Испитаник 4 | Средно образование | Гимназија | Многу добар |
| 5. | Испитаник 5 | Виша Педагошка | Гимназија | Многу добар |
| 6. | Испитаник 6 | Факултет | ФИКТ | Одличен |
| 7. | Испитаник 7 | Факултет | ФИКТ | Одличен |

Од сите вклучени испитаници, студентите кои се запишани на факултет не се пријавуваат во Агенцијата за вработување и се невработени, додека останатите се невработени но, се пријавуваат во трудот и се активни баратели на работа. Од аспект на прашањето што треба да направи АВРСМ за да ги мотивира да бидат и останат активни баратели на работа, одговорите беа: „преку информативни сесии, преку едукација, преку зголемување на свеста кај жените за можностите што ги нуди агенцијата и сл.“. Интересен е фактот дека вклучените испитаници во интервјуто

бараат работа, се јавуваат многу често на конкурси за вработување но, немаат некое позитивно искуство. Испитаниците кои студираат не се активни баратели на работа, сметајќи дека треба да се фокусираат на студиите а потоа ќе бараат работа со факултет. Повозрасните жени имаат различни искуства со сезонски или повремени работи како: чистачки, слаткарки, касиерки и сл. Од аспект на проблемите со кои се соочуваат најчесто се соочуваат со: „партиски врски“, „пријателски и роднински врски“, „застарени вештини“, „недоволно знаења и компетентност за одредени работни места“. Дел од испитаниците информации за слободни работни места ги добиваат преку партијата, роднини, познаници или пак на социјалните мрежи. Работното искуство недостасува кај студентите, додека кај останатите испитаници го има тоа искуство. Но, многу често имаат непријатни чувства, нервоза дека се без работа, чувствувајќи бескорисност и финансиска зависност од нивните сопружници и родителите. Сакаат да чувствуваат рамноправност во делот на издржувањето на нивните семејства. Основните животни цели на жените се прикажани на графиконот 14 што следува.




**Графикон 14. Причини зошто не работат жените**

Од добиените податоци може да се види дека најголем процент од 57,10% сметаат дека нема работни места, се партиски вработување или тоа се должи на студирањето. Мал дел од 28,5% сметаат дека немаат компетенции или треба да се грижат за семејството. Од аспект на мотивирањето за работа клучна е еукацијата, како и информативните сесии. Значајно за оваа група на жени е да добијат целосна слика и доволно информации за начините на кои може да им се помогне да најдат полесно работа. Факт

е дека се соочуваат со голем број на проблеми и се  наметнува потребата да добијат институционална поддршка за да може да го подобрат нивниот квалитет на живот.
Што се однесува до обуките, вклучените испитаници немаат посетувано обука, освен 14,2% кои имаат посетувано обука за слаткари. Имаат потреба да посетуваат обуки и сакаат да посетуваат, меѓутоа не знаат каде да се обратат. Конкретните предлози се однесуваат на обуки за меки вештини и обуки кои се однесуваат на одредени занаети ко би можеле да послужат за отворање на сопствен бизнис.
28,5% од испитаниците сакаат и се заинтересирани за отворање на сопствен бизнис но, не поседуваат никакви вештини ниту пак знаат како да се направи тоа. Сметаат дека од АВРСМ може да дојдат до некакви информации. Информациите може да ги добијат во Агенцијата за вработување или на Интернет но, немаат конкретни сознанија за мерките и активностите на АВРСМ.

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Денес, претприемништвото останува доминантна тема на дискусија кога станува збор за справување со предизвикот на невработеноста на младите и ранливите категории на граѓани. На претприемништвото се пристапува како кон специфична развојна филозофија и начин на живеење, кое што се поврзува со однесувањето и работењето на индивидуалците. Претприемништвото ја развива креативноста и иновативноста, го поттикнува генерирањето на идеи. Претприемништвото претставува способност на забележување и воочување на можностите. Не станува збор ниту наука ниту уметност, туку станува збор за практика заснована на знаење, засновано на потребата за континуирани промени, преку реализација на економски и деловни активности. Во основа на претприемништвото, се наоѓа претприемачот, чија основна цел е да создаде нова вредност преку алокација на потребните ресурси за реализација на бизнис идејата. Кога се зборува за „претприемништво засновано на можности" значајно е да се заклучи дека станува збор за современ концепт, каде што се истакнува способноста за забележување на можностите, како претприемачки квалитет. Во таа смисла претприемачот се гледа во динамичен контекст, истакнувајќи ги го прв план иновативните активности. За таа цел треба да се работи во насока на создавање на „ефективни претприемачи кои креираат старт-апи". „Ефективни" значи ориентирани кон постигнување на резултати. Начинот на кој ќе се креираат претприемачи од овој вид се примена на пристап заснован на вештини и активности, кои ќе го моделираат претприемачкото однесување. Она што е важно за „претприемништво засновано на можности" е дека потенцијалните можности произлегуваат како резултат на идентификуван простор на пазарот, одреден проблем, за што треба да се направи определена промена. Во таа смисла, претприемачите се јавуваат како личности кои се способни да реализираат одредена иновација, која е заснована на решавање на одреден проблем, или задоволување на нечии незадоволени или неадекватно задоволени потреби. Имајќи го во предвид фактот, дека претприемништвото претставува „задачи кои може да се реализираат на организиран начин", се наметнува потребата од стратегиско- системски пристап при поттикнувањето и развојот на претприемачкото однесување кај младите и ранливите категории на граѓани во Пелагонискиот регион. Од ситуационата анализа може да се извлечат значајни заклучоци кои ќе ги детерминираат насоките за акција во иднина, со цел справување со значајниот предизвик на невработеност на ранливите категории (млади невработени лица од 18-29 години, млади невработени Роми од 18-29 години и самохрани мајки). Иако на национално и локално ниво евидентни се напорите за актуелизирање на прашањето за претприемништвото како начин за вработливост на ранливите категории, на локално ниво сеуште не се забележливи евидентни резултати. Во истражувањето се направи разлика  меѓу „претприемништво засновано на потреба" и „претприемништво

This project is funded by the European Union
Implementing Agency

засновано на можности“ и јасен е заклучокот дека кај стратификуваниот примерок доминантен е концептот на „претприемништво засновано на потреба“. И тоа е логично, анализирајќи ги мотивите, демотиваторите, неопходната институционална поддршка, бариерите со кои се соочуваат, потребните компетенции и начините да се мотивираат за започнување на сопствен бизнис.

Концептот е логично доминантен ако се земат во предвид сите политичко- економски случувања во државата, како и обележјата на таргет групите и нивната позиција во општественото живеење.

Од друга страна пак, претприемачите се карактеризираат со специфично однесување кое е одредено од личните карактеристики, образованието и другите лични својства но, и од влијанието на опкружувањето. При тоа, останува отворено прашањето какао да се обликува претприемачкото однесување што ќе овозможи поттикнување и развој на „претприемништво засновано на можности“. Иако е важно да постојат соодветни социоекономски, правни и културни услови и амбиент во кој ќе може да се реализираат личните особини на потенцијалните претприемачи, најпрво е потребно да се идентификува дали и во која мера во Пелагонискиот регион постојат луѓе кои имаат потенцијал да станат претприемачи и истите да се поддржат во реализацијата на нивните идеи. И покрај личните карактеристики кои претприемачите треба да ги поседуваат, потребно е да се развиваат специфични вештини кои им се потребни за реализација на сложената дејност на претприемништвото. Вештините им се потребни на претприемачите за да може идејата да ја трансформираат во реалност, додека знаењето им е потребно да ја разберат идејата во целост. „Претприемништво засновано на можности“ ќе се развива преку создавање на претприемачи- креатори на организации чија основна цел ќе биде да остварат развој  на организациите со помош на раст и развој на бизнисот, кој ќе се мери преку раст на профитот и бројот на вработени. Тоа може да се направи преку фокусирање на напорите кон:

- Младинската невработеност е во тесна корелација со системот на фомалното и неформалното образование и се наметнува потребата од достапност на образовни програми во средните стручни училишта кои се во корелација со потребите на пазарот на труд;
- Особено значење треба да се даде на „преминот од образование на пазар на труд“ и треба да се работи со потенцијалните млади во ризик, за да се зголеми свесноста кај нив за потенцијалните проблеми со кои би се соочиле и потребните вештини и компетенции за надминување на таа состојба;
- Достапност на неформално образование за „меки вештини“ како и преквалификација и доквалификација со цел да се обезбеди континуирана конкурентна работна сила;

- Поттикнување на претприемачко образование и учење, студентска практика и волонтерсто како модели за стекнување професионално искуство со цел побрза интеграција на пазарот на труд;
- Поддршка на провајдерите на обуки на неформално образование за достапна понуда за обуки за „меки вештини“ и младинско претприемништво.
- Воспоставување на редовна соработка на општината со Агенцијата за вработување и организирање на информативни средби и сесии за промоција на мерките и активностите за поддршка на младите.
- Спроведување на редовна соработка на општината со Агенцијата за вработување за едукација на младите луѓе за можностите за отворање на сопствен бизнис.
- Агенцијата за вработување да реализира информативни сесии во средните училишта за состојбата на понуда и побарувачка на работни профили на пазарот на труд.
- Достапност на програми за микрофинансирање за ранливи категории на граѓани кои сакаат да отворат свој сопствен бизнис;
- Зголемување на свесноста кај младите и ранливите категории дека претприемништвото може да се научи и дека претприемачите може да се создадат;
- Развој на концептот карактерно претприемништво (trait based approach of entrepreneurship), каде што фокусот ќе биде ставен на индивидуалците и нивните лични диспозиции, особини и карактеристики да станат претприемачи;
- Реализација на истражувања и студии на случај за динамиката на претприемништвото, претприемачкиот процес, претприемачкиот профил во Република Северна Македонија;
- Формирање на локални партнерства за поддршка на потенцијални бизнис идеи и потенцијални млади претприемачи;
- Промоција на концептот на социјално претприемништво и изработка на локална стратегија за женско претприемништво, социјално претприемништво и младинско претприемништво;
- Креирање на колаборативна средина (меѓу-секторски групи од засегнатите страни) за развој и поттикнување на претприемништвото кај ранливите категории на граѓани;
- Развивање на тренинг модули за претприемништво и социјално претприемништво за ранливи категории;
- Изработка на менторски програми и професионално советување на потенцијални млади претприемачи;
- Организирање на обуки за претприемачки вештини и водење на бизнис;

- Развивање на стратегиски пристап на локално ниво за економско активирање на NEET групата и ранливите категории;
- Ангажирање на експерти за работа во локалните училишта кои ќе ги идентификуваат младите во ризик и ќе преземат превентивни мерки;
- Инклузивни меѓу-секторски партнерства кои ќе работат на кариерниот развој од „образование до работа“ преку развој на методи и услуги за активирање на ранливите категории;
- Теренска и истражувачка работа за да се идентификува NEET групата и формирање клубови за млади каде ќе ги добиваат потребните информации;
- Работа преку индивидуализиран пристап со младите од NEET групата;
- Вклучување на Социјални грижи, Агенцијата за вработување, НВО секторот и општината за работа со NEET групата;
- Системски пристап при работата со NEET групата преку тутори/ ментори на ученици во ризик од страна на образовните институции: наставници, кариерни советници и психолози;
- Едношалтерски центри во општината за работа и информирање на ранливи категории на граѓани;
- Кариерна ориентација и кариерно насочување на ранливи категории на граѓани;
- Ангажирање и профилирање на младински советници кои ќе комуницираат и работат со ранливи категории на граѓани и ќе им понудат можности за обука, едукација, преквалификација.
- Да се направи истражување кое ќе ги идентификува причините за постоење на NEET групата односно, социоекономска позадина, образование на родители, интерес на родителите за образование на детето, место на живеење и сл. и преку индивидуализиран пристап да се работи во насока на негова едукација или доедукација, како и да им се даде психо- социјална поддршка;
- Унапредување на мерките за вработување  на NEET групата на локално ниво;
- Агенцијата за вработување да организира инфо- сесии за средношколци (матуранти) да се запознаат со можностите на пазарот на труд, како и организирање на мотивациони обуки и кампањи;
- Центарот за социјални грижи да ја зајакне советодавната и стручна работа преку советувалишта за млади;
- Училиштатат да организираат секции, работилници, обуки на различни теми од областа на менаџментот, самодовербата, емоциите, креативност, финансии, меки вештини, лидерство, личен развој и сл.
- Кариерното советување на биде задолжително и да има посета од страна на релевантните институции за работа со млади лица и ранливи категории;

This project is funded by the European Union

International Labour Organization
Implementing Agency

- Да се организираат саеми за кариера, трибини, обуки, мотивациски говорници, натпревари и слично за бизнис идеи.

Во контект на тоа, се наметнува потребата од развој на модел на претприемачки успех, кој ги вреднува елементите на личните карактеристики на поединецот, вештините, стратегијата и релевантното опкружување. Вака разгледуваниот модел ќе резултира со фокусирање на сите напори на трите основни елементи во претприемачкиот процес и тоа: претприемач, бизнис можности и ресурси. Клучот на успехот лежи во реалната проценка на сопствените предности и недостатоци (во однос на конкуренцијата), проценка на потенцијалните пазарни можности и проценка на потребните ресурси. Станува збор за итеративен процес кој е заснован на системот „обиди и грешки“, воочување на постоечките пропусти и начини за тие пропусти да се отстранат.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

1. М-р Бојан Јовановски, „Фактори кои ја определуваат иновативноста на микро и малите претпријатија“ докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Машински факултет, Скопје, 2019 година

2. Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот достапен на следниот линк: http://www.avrm.gov.mk/content/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%9E%D0%9F%202017.pdf

3. R. Hussmans, F. Merhan, V. Verma, Survey of economically active population, employment, unemployment and underemployment: an ILO manual on concept and methods, ILO, Geneva, 1990

4. Република Северна Македонија, Државен завод за статистика, Регионите во Северна Македонија 2019, ISSN 1857- 6141

5. Slobodan Pokrajac, Dragica Tomic, Preduzetnici kao klucni cinioci stvaranja preduzetnickog drustva, Naucnostrucni casopis, Skola biznisa, pristapeno od: http://www.vps.ns.ac.rs/SB/2009/2.1.pdf

6. What doesn NEETs mean and why is the concept so easily misinterpreted? International Labour Office, Technical Brief No. 1

„Проектот Битола Стартап центар – Локални партнерства за вработување“ е финансиран преку проектот Зајакнување на социјалниот дијалог, кој го спроведува Меѓународната организација на трудот, со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на анализата е единствена одговорност на проектот “Битола Стартап центар Локални партнерства за вработување”и не ги одразува гледиштата на донаторот“